СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

од Триесеттата  и шестата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 24 јануари 1996 година

Скопје, јануари 1996 година

## 36-ТА СЕДНИЦА НА СОБРАНИЕТО НА РМ, ОДРЖАНА НА 24.I.1996 г.


1.АБДИ ФАИК - 8, 10
2. АНДОВ СТОЈАН -16, 103
3. АНГЕЛОВ ИВАН - 30, 31, 62, 72, 75
4. БУЗЛЕВСКИ ДИМИТАР -2
5. ГЕОРГИЕВ ДРАГИ - 87
6. ДАВЧЕВ САНДЕ - 33
7. ДАНЕВСКИ СЛОБОДАН - 43, 46
8. ДЕМИШКОВСКИ ДИМИТАР - 107
9. ЖУТАА БЕЌИР - 33
10. ИВАНОВ РИСТО - 41, 53
11. ИБРАИМИ САМИ - 73
12. КАРОВ ИЛИЈА - 46
13. КОСТАЌЕВ БОРИС - 50
14. КОВАЧЕВСКИ СТОЈЧЕ - 75
15. КАДРИУ ЗЕКИР - 88
16. ЛАЗАРЕВСКИ МИРКО - 9, 36
17. ЛАЗАРОВ ЈОВАН - 38
18. МУРАТИ ЏЕЛАДИН - 5
19. МИЉОВСКИ ЈАНЕ - 80
20. МИТРЕВА ИЛИНКА - 92
21. НИКОЛОВ ЈОВАН - 3
22. НАУМОВСКИ ВАНЕ -102
23. ОСМАНИ РУФИ – 81, 97, 101, 104
24. ПОПОВСКИ ВЛАДО - 32, 44
25. ПЕЦОВ МИРКО - 6
26. РАМАДАНИ САЛИ - 19, 20, 21
27. РАМАДАНИ ИСМЕТ- 35
28. СТОЈАНОВСКИ ТОМИСЛАВ - 10, 76, 79
29. СИМОВСКА ЕМИЛИЈА - 14, 16, 17
30. САБРИУ ИЛЈАЗ - 37, 66, 73, 79
31. СТОЈАНОВСКИ ПЕЦО - 81
32. СОКОЛОВСКИ ВЛАДИМИР - 84
33. СТАНКОВСКИ ВЛАДИМИР - 35
34. ТАНТАРОВ ВЕЉО - 4, 55, 69, 70
55. ТРАЈКОВ МИЛЧО - 7
36. ТРАЈКОВ РИСТО - 83
37. ТУДА РАМИ - 12, 15, 18, 19
38. ТРИПУНОВСКИ МИРКО - 40
39. ФИЛИПЧЕ ИЛИЈА - 65
40. ФРЧКОВСКИ ЉУБОМИР - 15
41. ХАНЏИСКИ БЛАГОЈА - 67, 94
42. ХАРУНИ СЕЈФЕДИН - 90
43. ЧАДИКОВСКИ ЉУБОМИР - 49
44. ШУНДОВСКИ ЈОРГО -11, 27, 47
45. ШАЌИРИ ХИСНИ - 29, 31

Дневен ред: стр.2
пратенички праш.стр.3
точка 1 - 83
точка 2 - 97
точка 3 - 104
точка 4 - 105
точка 4 - 106


Седницата продолжува!

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

## од Триесет и шестата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 24 јануари 1996 година

Седницата се одржа во салата за седници на Собранието на Република Македонија, со почеток во 11,20 часот.

Седницата ја отвори и со неа раководеше г-дин Стојан Андов, претседател на Собранието на Република Македонија.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дами и господа пратеници,

Ја отворам Триесет и шестата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците Јован Србиновски, Благој Стефановски, Никола Г. Поповски, Игнатие Богдановски, Марјан Начевски, Драгољуб Поповиќ Зоран Шапуриќ, Љупчо Мешков, Марјан Котлар, Николина Трајановска, Ратка Куљан Зографска, Слободан Најдовски, Звонко Каров, Лазар Димов и Александар Гештаковски ме известија дека од оправдани причини не се во можност да присуствуваат на седницата.

Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинството пратеници на Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува

На седницата поканети се: претседателот на Република Македонија, г-дин Киро Глигоров, претседателот и членовите на Владата на Република Македонија, претседателот на Врховниот суд на Република Македонија.

Пратеникот Руфи Османи го повлече Предлогот за донесување на закон за изменување на законот за сметководство, со Предлог на закон.

Комисијата за стопанство предлага дневниот ред на оваа седница да се дополни со Информација на Владата на Република Македонија за примената на Законот за здравствена заштита во врска со коефициентот на сложеноста при пресметување на придонес за здравствено осигурување.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г-дин Бузлевски.

**ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ:**

Владата, на својата последна седница ја покрена проблематиката околу примената на законот. Во таа прилика, од рамки на министри формира мегуресорска група која што треба да направи анализа и да подготви извештај за примената на Законот.

Со оглед на тоа што има рок за доставување и подготвување на таа анализа, би замолил Собранието да биде информирано на наредната седница околу заклучоците по кои Владата ќе расправа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Го слушнавте ставот на Владата

Кој е за предлогот на Комисијата, молам да крене рака? (14 пратеници)

Констатирам дека Предлогот на комисијата не е усвоен поради образложението што го даде претставникот на Владата.

Според тоа, за денешната седница го предлагам следниов Дневен ред:

1. Предлог за донесуваше на закон за ратификација на Црноморската конвенција за соработка на полето на културата, образованието, науката и информирањето, со Предлог на закон;

2. Предлог за донесување на закон за изменување на Законот за данокот од добивка, со Предлог на закон;

3. Предлог за донесување на закон за изменување на Законот за водите, со Предлог на закон;

4. Предлог за донесување на закон за енергетика;

5. Предлог на одлука за определување бројот на судиите во основните судови.

Дали има некој предлог за изменување и дополнување на предложениот дневен ред? (Нема)

Кој е за предложениот дневен ред, молам да крене рака? (62 пратеници)

Дали има некој против? (Нема)

Дали некој се воздржува до гласање? (Никој)

Констатирам дека е усвоен предложениот дневен ред.

Преминуваме на **пратенички прашања.**

Ве известувам дека Владата на Република Македонија достави одговори на пратеничките прашања на пратениците: Јован Николов, Милчо Трајков, Тодосија Паунов, Димитрија Трпеновски, Мирко Пецов, Кире Видимче, Газменд Ајдарага, Руфи Османи, Вељо Тантаров, Томислав Стојановски, Фаик Абди, Рами Туда, Ване Наумовски, Зекир Кадриу, Мирко Лазаревски, Петре Трајановски, Џеладин Мурати, Исмет Рамадани, Драган Митевски и Наум Симјановски.

Дали пратениците што ги поставија овие прашања во врска со истите имаат дополнителни прашања?

Има збор г-дин Николов.

**ЈОВАН НИКОЛОВ:**

Моето прашање беше во врска со плаќање надоместок за специјализација на специјализантите што ја плаќаат на Медицинскиот факултет. Прашањето беше поставено не само до Министерството за

здравство  туку и до Министерството за образование заради тоа што одлуките што се донесени од истиот факултет се темелат врз Законот за образование.

Од министерот за образование таков одговор нема и затоа мислам дека прашањето е одговорено непотполно.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Писмено ќе добиете дополнителен одговор.

Има збор г-дин Тантаров.

**ВЕЉО ТАНТАРОВ:**

Почитувани пратеници, минтата година во екот на жетвата и откуп на пченицата пред очите на нашите земјоделци се играше чудна игра со откупот и сместувањето на домашното жито.

Сомнителните залихи од 1994 година што пред самата жетва изнесуваа над 22.000 вагони пченица и преполните државни амбари со увозна пченица што во нив се сместуваше заради намалување на цената на домашната пченица за која се тврдеше дека е многу висока во нашава држава, потоа заради увоз на пченица што по некој чесен збор требаше да се преработи во брашно и да се извезе и увоз со платени царински давачки не дозволи во нашава држава ниту навреме да се заврши жетвата на пченица, а ниту да се изврши откуп на оваа култура.

Тешката жетва, тешкиот откуп и плаќање на пченицата во рок од 5-6 месечни рати, а и ден денес не е се уште платена, беше повод точно пред 5 месеци да поставам пред нашиве министри едно прашање во кое барав да се каже кои се увозниците на пченица во 1995 година, колку пченица е увезено и како се платени царинските давачки.

По 5 месеци чекање, пред десетина дена го добив бараниот одговор. Зошто толку време се чекаше на овој одговор, не знам. Сигурно за тоа треба да каже министерот Иванов кој го понуди баш овој одговор.

Меѓутоа, се надевам, бидејќи министерот не е тука, во некоја друга прилика ќе одговори. Но, сега би кажал нешто друго, односно сакам да го дополнам моето прашање.

Со одговорот не сум задоволен. Се сомневам во тврдењето на министерот Иванов дека во 1995 година односно од 1 јануари до 20 ноември 1995 се увезени само 65.991 тон пченица. Овој податок и податокот дека ланската година само 5 претпријатија вршеле увоз на пченица не се точни и ќе биде тешко да кажам дека се и малку лажни податоци. Не знам кому е во корист да се даваат вакви податоци.

Во Битола ова тврдење не се прифаќа. Не се прифаќа ниту тоа дека минатата година се увезени само овие количини на пченица затоа што на Митровден нашата Влада има донесено одлука за увоз на уште 5.000 вагони пченица. Сметам дека Владата и надлежните министри мора да дадат одговор на ова прашање.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Добро, да се даде дополнителен одговор.

Има збор г-дин Мурати.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Почитуван претседателе, дами и господа пратеници,

Моето прашање беше поставено до Министерството аз образование и физичка култура. Задоволен сум од нивното елаборирање на проблемот. Ценам дека бројот на студенти Албанци што студираат на Универзитетот во Скопје и Битола е значително поголем од изнесените податоци во одговорот.

Од тие причини барам Министерството уште еднаш да ги прегледа изнесените цифри, бројки во одговорот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор министерот за образование г-ѓа Симовска.

**ЕМИЛИЈА СИМОВСКА:**

Точна е констатацијата на г-динот Мурати дека има една техничка грешка во текстот. Имено, бројот на студентите од албанска националност е дефакто поголем од оние бројки што се дадени во Информацијата. Меѓутоа, таа информација е изготвувана на почетокот кога ги немавме комплетирано бројките на студенти кои беа со дополнителна квота примени на универзитетите.

Информацијата ќе биде коригирана и доставена до пратеникот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор г-дин Пецов.

**МИРКО ПЕЦОВ:**

Почитувани пратеници, на пратеничкото прашање од 28.06.1995 година го добив одговорот што се однесуваше на заштита на сливот на реката Брбушница во Виничка општина. За неа Министерството за земјоделство и шумарство и водостопанство не убедува на 4 пати што се е предвидено.

Не се сомневам дека Министерството за земјоделие, шумарство и водостопанство добро предвидело во врска со овој проблем што го наметнувам, меѓутоа јас и населението кое живееме во тој крај се сомневаме дека е извршено тоа како што е предвидено.

Затоа барам, односно моето потпрашање е, кога ќе се изврши контрола на тоа како е направено нивното предвидување, да бидам писмено обавестен дали е навистина направено како што предвидело Министерството. Бидејќи сомневам дека се поклопува она што е предвидено и она што е направено.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор г-дин Трајков.

**МИЛЧО ТРАЈКОВ:**

Во однос на прашањето во врска со екологијата во град Титов Велес поставено некаде на седницата од 5 септември до Министерството за урбанизам, градежништво и заштита на човековата средина.

Не сум комплетно задоволен, не сум задоволен во однос на третото прашање што беше, да Ве потсетам, дали во работниот простор на Топилницата се вршат мерења на емисијата на тешки метали и ако се вршат, зошто не се достапни на јавноста.

Во одговорот стои дека податоците од мерењата се достапни за јавноста.

Јас таква информација немам до сега, а колку што можев да забележам ниту во Информацијата од Владата што ја добивме тие податоци не беа дадени. Овде се тврди дека инспекцијата за труд ги врши тие,мислам тие податоци ги има кај себе што посебно ме радува, затоа што јас уште утре ќе земам и ќе ги побарам тие податоци и сакам да ги добијам.

Уз пат сакам да прашам зошто ниту еден вработен во Топилницата не знае точно колку му изнесува нивото на олово и кадмиум во крвта ако веќе тоа го тврди Министерството.

Само друго нешто би сакал да кажам, звучи парадоксално, не сум задоволен од одговорите на Министерството, меѓутоа сум задоволен од односот на сегашната Влада, посебно на министерот за урбанизам, градежништво и заштита на животната средина кој што со одредени зафати во последно време, во одделни сегменти на екологијата во нашиот град битно придонесе за подобрување на таа состојба.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор г-дин Абди

**ФАИК АБДИ:**

За време од овие два-три месеци имам доставено повеќе прашања до Владата, меѓутоа добив само два одговори. Од Министерството за култура и од Министерството за образование и за тоа ќе кажам свое мислење.

Заправо, само аматерските дејности, она што го добив како податок и колку може да помогне Министерството, односно од буџетот на Републиката, мислам дека таа дејност ја испуштивме. Тие се наши амбасадори на културата.

**ФАИК АБДИ**: (Продолжение)

Еве да речеме "Кочо Рацин" сега оди на пат за Австралија и секој мора да си обезбеди сам за себе спонзорство. Тоа навистина е незгодна работа. Тоа се однесува и за други културно - уметнички друштва во земјата. Малку да се загрижиме и да им обезбедиме подобра иднина/ бидејќи не претставуваат со наше знаме, со име на државата и т.н., а многу е важно во една Австралија да оди едно наше културно - уметничко друштво, тоа е "Кочо Рацин".

Втората работа е околу образованието и колку се на број запишани деца од ромска националност во средните училишта. Само 151 ученик. За жал толку е. Видете, степенот на тоа осознавање на луѓето до каде е, тоа значи помош од цела Македонија колку можеме да влијаеме повеќе за луѓето да учат, да се образуваат и т.н. Би молел Владата да даде одговор на другите прашања, на многу сериозни прашања. Да речеме може ќе измине годината, односно еве го јануари, февруари, не знаеме каков ни е електроенергетскиот биланс на Републиката, а тоа е многу важно прашање. И не е лошо да знаеме во каква ситуација се наоѓаме.

**МИРКО ЛАЗАРЕВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници и господа министри, во врска со поставеното прашање пред пет месеци писмено е добиен одговор, прашањето не е решено, односно просторно и функционално библиотеката во Гостивар нема практично се уште адекватно изведено решение. Молам прашањето да биде целосно решено и да ми се даде одговор во покус рок се разбира во писмена форма, бидејќи министерот за култура не е тука по можност кога тоа ќе биде целосно решено.

II/2.-

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани министри, почитувани колеги, ќе поставам едно принципиелно толкување на моето прашање поставено на 17 мај 1995 година на кое што добив одговор пред неколку дена. Дали воопшто има сврха, дали воопшто може да сметаме дека одговорот на прашања после 8 месеци дека ќе биде актуелен и дека воопшто таков принцип можеме да го прифатиме како дијалог со Владата. Сметам дека институцијата, институтот пратенички прашања крајно ја девалвиравме по вина на пратениците, затоа што дозволуваме едно такво однесување и предлагам конечно да усвоиме месечно да имаме седница на Собрание со максимално присуство на министрите како што се денеска и максимално давање усмени одговори.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Според тоа, нема дополнително прашање.

Дали имате дополнителни прашања.(нема)

Преминуваме на поставување на пратенички прашања.

**ФАИК АБДИ:**

Господине претседателе, почитувани дами и господа пратеници, почитувани министри прво би сакал овде јавно пред Парламентот да искажам едно големо задоволство што не се усвои мојот предлог за измена и дополнување на Законот за трговија и врз база на одредени договори со министерот за стопанство и министерот Шундовски и т.н. нашите желби некако се исполнети, луѓето во Скопје веќе на една, две локации работат. И прашањето е каде уште на друго место се мисли вакви објекти да се пренаменат за да можат луѓето да се прехранат, да живеат. Тоа е едно прашање.

II/3.-

Второ, контактирам со Општина Штип веќе три години со претседателот на општината. Ми се јави вчера по телефон и ми кажа дека општината Штип направила план за изгорените бараки пред три години тоа што се случило, ова Собрание тоа го знае и би го прашал министерот Шундовски што може да се стори тука , заради тоа што општината обезбедува локација, обезбедува комуналии и што понатаму ? Се работи за 23 семејства, а локацијата е за 30 семејства. Исто така во Штип, би поставил прашање до министерот за труд и социјална политика, има такви случаи кога се оди таму да се бара социјална помош со луѓето се постапува многу арогантно и бркаше надвор, макар што и претставникот, директорот на Центарот за социјални работи ми се јави по телефон и тој се жалеше на граѓаните, меѓутоа таму имаше еден нов собир, па ми се јавија и други лица од мојата партија па кажаа дека има многу недолични работи . Јас ќе контактирам со министерот. Вчера му се јавив на г-динот Рајчанец и тој ќе превземе мерки. Тоа е многу лошо да се тераат луѓето да го расчистат градот, нечистотијата во градот само ромите. Каде се наоѓа тој човек? Каде живее, во кој систем живее?

Ние овде имаме пратеници од Куманово. Таму има една река дива која што не е во корито ставено. Секогаш ги поплавува граѓаните, луѓето и имотот на луѓето. Би барал од Владата да подготви некој елаборат и кога ќе има средства државата во буџетот да се внесат такви средства за регулација на таа река. Инаку Средорек целосно е полавено секоја година по неколку пати , тука има луѓе од Куманово, знаат поубаво од мене. Тоа е прашање до Владата.

**ЈОРГО ШУНДОВСКИ:**

Ќе се обидам да одговорам на двете први поставени прашања во однос на измената на Законот за трговија во кои градски центри се

обезбедени услови за работа на луѓето кои ги продаваа своите производи на отворените пазари, тоа се во Скопје, Куманово и Битола, а се работи во неколку други градски центри за обезбедување на вакви простории пред се се користат сите оние простории кои досега не биле во функција и кои немале некоја одредена намена со мали адаптации, измени и поправки во оној обезбеден тип на продажба така наречен безистенски начин на продажба на овие производи да се обезбедат скоро во сите поголеми градски центри каде што имаше потреба за ваков тип на продажба. Засега се во овие три града кои ги кажав обезбедени, сигурно обезбедени простори, а се работи и во други останати градови.

По однос на второто прашање за објектот кој изгоре во Штип во кој живееја супстандардно 22 фамилии и одлуката која е донесена од Собранието на општина Штип за бенефиции при плаќањето, или ослободуваше на луѓето кои живеат таму од уредувањето на градежното земјиште Ја очекуваме таа одлука да пристигне до нас од Собранието и веднаш после тоа во Министерството ќе има одредени активности во однос на избор на локација и во однос на самиот чин на изведување на објектите на тој терен. Се разбира модалитетите и начинот како тоа ќе го правиме ќе биде во договор со Собранието на општина Штип.

**РАМИ ТУДА:**

Г-дине претседателе, почитувани пратеници и министри, денес имам три прашања.

Првото прашање е дали правно е заснована пресудата на Општинскиот суд во Струга под број 121 од 1994 година на обвинителен акт на Општинско јавно обвинителство под број 130 од 1994 година од 25.о5. 1994 година. Прашањето го поставувам од следните причини. Лицето Ресуљ Каба од село Велешта општина Струга е осуден со казна

затвор од 4 месеци заради тоа што стекнатата диплома на средно - техничко училиште "Стјефан Гечови" во Приштина настава на албански јазик откако ја превел на македонски јазик дипломата сакал да ја завери во Општинскиот суд во Струга. Значи само затоа што сакал да ја завери дипломата истиот е осуден со 4 месеци затвор. Еве ја дипломата, камерата сакам да ја сними . Слушам од неколку други граѓани дека на ред се и други ученици кои што завршиле средно училиште во Приштина и дека тие се на ред сега чекаат и тие да се казнат. Инаку овој истиот ученик значи Ресуљ Каба редовно завршил први клас, вори, трети и четврти и дипломата си ја стекнал во "Стјефан Гечови" во Приштина.

Второ прашање, која е законската основа на подрачното министерство за Внатрешни работи во Струга, односно на Републичкото министерство за внатрешни работи што без никаков налог, или одобрение продолжува да интервенира и да влегува во приватни објекти. На 18.10.1995 година позната е интервенцијата на подрачното министерство за внатрешни работи во Струга која интервенираше по втор пат во средното училиште "Ајдар Души" и ги истера учениците и професорите од наставната работа.

Трето прашање зошто Министерството за образование и физичка култура со толку задоцнување, значи до денес не дал одговор на моето прашање псотавено на 5.о9.1995 година. Прашањето го поставувам вака:

Има повеќе од 5, 6 месеци што Министерството за образование и физичка култура, значи по покрената граѓанска иницијатива , односно барања од 10 месени заедници и група од граѓани од преку 200 родители што значи доставен е елаборат за основање на средно училиште "Ајдар Души" во Струга. Овде во одговорот беше во Скопје, тоа веројатно е некоја техничка грешка. Зошто до донесе значи и после 6 и повеќе месеци од истото министерство не е даден одговор и кога ќе даде одговор кога веќе учебната година скоро помина.

И четвртото прашање, каков е националниот состав на наставничкиот кадар во Битолскиот Универзитет кој го покрива Југозападниот дел на Македонија во кој живеат и албанци, турци, власи, роми и други кои и финансиски партиципираат и во областа на образованието.

**СТОЈАН АНДОВ:**

На првото прашање, писмено ќе Ви се одговори.

На второто прашање ќе Ви одговори министерот за образование.

**ЕМИЛИЈА СИМОВСКА:**

На последното прашање во однос на елаборатот што е доставен од група граѓани во врска со отворање на ново средно училиште. Договорот со граѓаните од тоа подрачје кој што беше постигнат во Министерството за образование беше да доколку се инсистира на отворање на едно посебно средно училиште за припадниците од албанска националност, однос- но за децата кои следат настава на албански јазик да се достави барање за отворање на средно училиште во село Радолишта. Наместо такво барање кое никогаш не пристигна од таа група родители од месното население, воопшто сите кои беа вклучени во тој иницијативен одбор, така да го наречам, пристигна барање за отворање на гимназија во Гимназијата "Нико Нестор". Отворање на гимназија во рамки на постоечка гимназија, мислам знаат сите граѓани кои се обратија дека не е можно. Можно е само отворање на подрачни паралелки, односно проширување на мрежата на паралелки на албански јазик, но во рамки на веќе постоечката Гимназија. Според тоа ако граѓаните и понатаму инсистираат на отворање на средно училиште во село Радолишта треба така да го насловат своето барање. На поинаков начин не би ни можеле да добијат одговор и тоа е причината. заради која што не добиле одговор.

**ЉУБОМИР ФРЧКОВСКИ:**

Интервенцијата на органите за внатрешни во училиштето "Ајдар Души" од Радолишта е по барање на Министерството за образование поради злоупотреба фактички на просториите и на сопственоста на Министерството од неовластени лица. Немаше никакви посебни интервенции внатре во зградата на училиштето освен негово пломбирање и затварање, што е наша законската обврска.

**РАМИ ТУДА:**

Не сум задоволен од одговорот на министерката, затоа што не се работи за гимназија во гимназија затоа што во еден разговор вака мене ми одговори дека бараме гимназија во гимназија. Не се работи за гимназија во гимназија, туку се работи за институционализирање на "Ајдар Души" кое што постоеше и кое што уште постои, еве има петта, шестата година што функционира. Заради тоа што ние вака ги оставивме работите да продолжуваат и не преземаме превентивни мерки, односно не преземаме соодветни мерки за задоволување на општествените, односно на оваа многу важна потреба на граѓаните на Радолишта и Струга значи доаѓа до ова. Не е нагласено каде ќе биде, затоа што учениците од гимназијата "Ајдар Души" беа истерани, за тоа знае и јавноста со специјална полиција беа истерани учениците и тоа од сопствените простории. Така што во елаборатот не е назначено местото заради тоа што тогаш кога е доставен не се знаеше точно каде ќе биде местото на средното училиште. Меѓутоа министерката односно администрацијата можеше со една покана луѓето што барале да се оствари таа иницијатива, можеше да се повикаат луѓе, па можеше тоа да се реши, а не да се чекаат 6 месеци па само затоа што не е назначено тука во самото барање.

Што се однесува за тоа што министерот г-динот Фрчковски кажа ова не е прв пат, ниту втор пат, ниту трет пат. Јас не сакам да Ве замарам, има многу случаи што во Струга полицијата интервенира и кога треба и кога не треба. Затоа мислам нашата пратеничка група можеби ќе бараме во иднина тоа да се стави на дневен ред затоа што ова не е прв, ниту втор случај. Јас сум убеден и јавноста знае дека полицијата интервенира, а последниот пат интервенираше дури и за календарите од тетовскиот Универзитет и беа земени неколкумина во полиција . Значи не се работи само за овој случај, туку има и други случаи . И што е многу битно таму не се прашува за календарот, туку се прашува со сема за други работи што по мое мислење не е оправдано.

**ЕМИЛИЈА СИМОВСКА:**

Да не ја оставиме јавноста во заблуда, бидејќи оперираме постојано со називот гимназија "Ајдар Души".

**ЕМИЛИЈА СИМОСКА:** (продолжение)

Гимназијата Хајдар Души" е непостоечка, ни легална институција, не е во рамките на образовниот систем на Македонија и никогаш не била. Тоа е диво училиште. Меѓутоа, бидејќи тоа е диво училиште и работеше неколку години по ред, Министерството за образование водејќи грижа за децата кои навистина трошат време, посетуваат нешто кое вие го нарекувате настава, во нелегално училиште, самото покрена иницијатива за да им се овозможи на децата за да го легализираат своето средно образование или да се стекнат на легален начин со сите ние степени кои ги загубиле посетувајќи нелегална институција. На тие деца им беше овозможено, јавно огласено, дури и по куќи агитирано дека можат со скратена програма и максимално флексибилно толкување на Законот да одат и да ги полагаат вонредно сите испити во легалната гимназија "Нико Нестор" каде постојат паралелки на албански јазик и вработени професори кои настава изведуваат на албански јазик.

Тие деца кои се јавија и кои се стекнаа со степен си го продолжија своето образование, се разбира имаше дека кои никогаш не се јавија во легалната гимназија, не ги полагаа деференцијалните испити, според тоа со своја желба останаа вон образовниот систем.

Бидејќи средното образование не е задолжително, се разбира не е ни во интерес на државата сосила да ги принудува децата да се запишат во средните училишта, меѓутоа договорот кој што беше постигнат, г-дине Туда вие тоа го паметите многу добро, беше да доколку постои таков интерес да во Радолишта се отвори заради низа практични причини посебно средно училиште во рамки на легалниот систем Министерството е спремно да разговара за проширувањето на мрежата. Досега ние такво

III/2.-

бараше не сме имале. Според тоа, не знам зошто сте незадоволен од одговорот. Не може министерот да ви одговори ни по 6 месеци, ни по 12 месеци на непоставено барање. Јас кај мене немам добиено барање за проширување на гимназиската дејност односно на средношколското образование, без оглед дали во Радолишта или ќе биде лоцирано на друго место, тоа треба допрва да се расправа, но такво барање јас немам добиено. Јас сум таа која што чека другата страна во договорот да го постави она што беше договорено. Јас имам право да бидам незадоволна од групата граѓани која се обврза дека ќе стори се за да ги вклучи тие деца во рамките на легалниот образовен систем.

**СТОЈАН АНДОВ:**

г-дин Туда.

Ве молам, само ако имате дополнително прашање, овде не сме отвориле претрес, расправа па да може, вие да давате вие свое видување на одговорот.

**РАМИ ТУДА:**

Јас не сум задоволен со терминологијата со која се служи министерката. Те диво, те ова, и за тетовскиот универзитет се вели дека е див.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Добро, имате ли да поставите дополнително прашање.

**РАМИ ТУДА:**

Ви се молам, елаборатот е доставен.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам, не водиме расправа по тоа прашање, дај дали вие имате прашања.

**РАМИ ТУДА:**

Ја прашувам министерката зошто тој елаборат, се чини не е прочитан, ни барањето не е прочитано.

Во самиот одговор што го добив по однос на ова прашање за Хајдар Души, значи нагласено дека одредената комисија ќе заклучи односно ќе решава и ќе добијам одговор. Самото тоа значи дека ова е во процедура односно дека овој проблем е во процедура.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Имате ли дополнителни прашања.

Рековте не сте задоволен и дали имате прашања.

Ве молам постапувајте како што треба сите, кога не сте задоволен од прашањето, ќе кажете дека не сте задоволни, ако има дополнително прашање ќе го кажете кое е дополнителното прашање, а ако така не сте задоволни да мислите дека треба да се расправа ќе барате овде Собранието да одлучи по тоа прашање да се отвори расправа, ќе барате овде Собранието да одлучи по тоа прашање да се отвори расправа, дури тогаш може да влезете во расправа тогаш ќе одлучиме кога ќе ја правиме расправата и тогаш може да се расправа.

Добро, одиме понатаму, г-дин Сали Рамадани.

**САЛИ РАМАДАНИ:**

Со денеска од Кичево можат да дојдат стотина илјади прашања за безброј нерешени и дискутабилни проблеми. Бидејќи е Рамазан на сите припадници на муслиманската припадност им честитам Уриме пархаер.

Уставните и деловничките институции, уставната и деловничката институција е многу' важна институција, меѓутоа и кај мојот лекторат и кај граѓаните од општината Кичево, албанците, македонците, Турците,

Ромите, Власите и други се поставуваат прашањата, кому ќе му поставуваш прашање, кој ќе ти одговори, кога ќе ти одговори и како ќе ти одговори и што има од тоа. Дали ќе се разреши некој до актуелните проблеми кога Владата има и безброј такви и нема способности да се зафати со нив и да излезе на крај.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Г-дине Рамадани, ве молам само, само момент, ве молам, на говорницата сте вие, вие да поставите пратеничко прашање, во Кичево или во М. Брод луѓето што се прашуваат, тоа е друга работа, тоа не е овде на говорницата да се изнесува. Вие прашајте, вие тоа прашање ќе го поставите. Повелете.

**САЛИ РАМАДАНИ:**

Во нивно име настапувам. Дајте, како вие сакате да поставам прашање.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Така, само тоа, бидејќи добивте збор.

**САЛИ РАМАДАНИ:**

Како да поставам прашање, поставете вие прашање, па нека оди по ваше. Јас на ваков начин поставувам. Нашите сили се знаат, позицијата и опозицијата, па вас ви одговара кога излегуваат моите пратеници, од мојата група, нормално, не дека се ѕвони.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Повелете, поставете прашање.

**САЛИ РАМАДАНИ:**

Ве молам оставете ме.

Од објективни и субјективни причини доаѓаат неколку прашања од една од најнеразвиените и н проблематичните општини во Македонија,

од Кичево кое слободно може да се нарече како тера инкогнито, да не кажам и ничија земја. Зошто? Затоа што и во горкото минато на монизмот и за времето на така наречената транзиција, значи сега посебно во последната година дена од кога има и некои конкретни впечатоци во општината Кичево не само што скоро никако не функционира нормално лилаланта власт, туку има такви нерешени локални проблеми кои не може да ги разреши и кога ќе се ангажира не само Америка туку и целиот Свет. Еден обичен пример за цела една година, значи минатата, се одржа само една седница на општинското собрание на општината Кичево на која не е поканет пратеникот, соговорникот, и уште не го познава претседателот на општината.

Во Кичево, за која имам и конкретни претставки од неколку месни заедници, група на граѓани и од албанци, македонци и други доставени до највисоките републички органи и до овој Парламент постои едно масовно незадоволство, еден општ хаос во сите домени во животот и од економска, социјална, образовна, здравствена и други сфери. Над сите надвладува корупцијата итн.

Прво, едно генерално прашање, скоро за сите министерства и присутни министри. Колку се запознати со овие проблеми на општината Кичево од своите подрачни министерства. Ако можат усмено да ми дадат некои информации, а посебно премиерот Бранко Црвенковски додека писмено од кога ќе ги приберат потребните информации за севкупната проблематика на општината Кичево. Да се припреми еден опширен извештај со подри податоци вклучувајќи ја и националната, социјалната квалификационата и другата структура на вработените и невработените во општината Кичево, вон Кичево и во странство. По можност еден усмен одговор од сите министри од своите ресори а посебно од премиерот Бранко Црвенковски.

III/6.-

Второ, основното училиште Реиц Руши Зајази во с.Бачишта Кичевско, Башишта, историја, Бачишта, комедија и трагедија, Бачишта една од најболните, ако не и најболна точка, не само во Кичево и кичевско, туку и пошироко. Жители албанци, и те какви албанци, по втората светска војна во училиштата настава на албански јазик до 1948 година, па до 1990 година на македонски. За време социјализмот т.е. социјалистичкиот систем со директиви им се негираше мајчиниот јазик. Со почетокот на таканаречената демократија Бачиште е искористи оваа прилика и отвори училиште со настава на албански јазик и тоа 4 години од 1990 до 1994 година. Т.е. од I до IV односно од V до VIII одделение. И, повторно шпекулации, притисоци, манипулации, измами од страна на некој неформални депласирани групи и поединци без никаква морална вредност и ветување и до страна на Министерството за образование и физичка култура, па пломбирање на убавата училишна зграда, малтретирање на 110 ученици од април до денеска и патување секој ден по 15 км. до с .Грешница за сите години од I до IV и V до VIII одделение и дека од 1.09.1995 година ветување дека ќе се отвори училиштето. Меѓутоа, повторно притисоци и со безброј политички сили пред, за и после почетокот на школската година, се додека не беа срамно отстранети од УДРЕП и повторно време честа посета на комисијата. Конкретно прашање:

До кога ќе трае оваа аномалија односно абнормална состојба во с. Бачишта т.е. кога ќе престане малтретирањето на учениците од 6 до 20 часот повеќепати зимно време пешки одат. Кој ќе ги надомести и кога 9.000,00 ДМ дадени на приватникот Џемо комерц. Значи некој ќе одговара за овој политички и економски криминал. Месечно некој плаќа 2.800,00 ДМ.

Понатаму, друго прашање во с. Српвиси како и за другите поблиски села депонијата на секојдневниот отпад од градот Кичево скоро две

децении без потребните изолациони средства претставува најголема опасност по здравјето на овие граѓани, а појавите на заразни болести се евидентни. 45 деца се болни. Селаните реагирале неколку пати кај надежните од општината но досега само ветување без ефекти. Во последно време е ветувано дека до март месец нешто да се направи, меѓутоа уште отпадоците се депонираат таму каде што се депонираа во време од 15 години.

До кога ќе трае оваа аномалија, кога веќе во самата непосредна близина на оваа депонија се наоѓа само неколку десетина метри и основното училиште. Одговорот го барам веднаш, тука усмено од евентуалниот стручњак за екологија, а соодветно од Министерството за урбанизам, градежништво и екологија.

Кога сме кај село Србици поврзано со експлоатацијата на јагленот луѓето се без вода, водата е загадена, па прашувам дали постои можност бидејќи водата поминува низ с. Бачишта до термоелектранаата Осломеј, а с. Жубље веќе има добиено, што побрзо овие луѓе да се снабдат со вода.

Слично околу експлоатацијата на јагленот е и во селата Гарани, Стрелце и Шутово, во овие две-три месни заедници и другите околни села, проблем водата, проблем Термоелектранаата Осломеј, се доведува во оапсност не само уште неекспроприраното земјиште како единствен избор за поголемиот дел на овие граѓани некои и нивните куќи, значи дали може да се преземе мерки да се осигурат куќите нивни бидејќи веќе експлоатацијата е некаде до 100 метри.

Понатаму, друго прашање, од група граѓани од Кичево и тоа македонци, сум добил едно многу сериозно писмо составено на 5.06.1995 година во Кичево испратено препорачано на 6.06.1995 година од Скопје, а добиено на 7.06.1995 година во Кичево.

III/8.-

Во прилог со 5 страници доказни материјали. Прво, две статии во весникот Вечер од 16.12.1983 година со наднаслов "Урбанизацијата и имотно правните односи во општината Кичево" и насловот " За едни привилегија за други штета" т.е. оправдани претставки од Кичево.

Второ, претставка од 28.12. 1994 година до Јорго Шундовски министер на Министерството уа урбанизам, градежништво и заштита на животната средина, Скопје.

Трето, втора претставка од 27-03.1995 година до претседателот на РМ Киро Глигоров, лично, и претставка од 5.06.1995 го- дина до Собранието на РМ, тие предмети ти има сите тука.

Прашање: Зошто досега не се информирани граѓаните по нивните претставки, главно прашање. Зошто до денеска не се преземени мерки за разрешување од началник од подрачната единица на Кичево на Министерството за урбанизам, градежништво и заштита на животната средина, се работи за министерката Фанија Пејовска - Лобровска, а поради незаконито и нееднакво третирање на граѓаните од Кичево а поготово по извршувањето на урбанизацијата и решенијата на рушењето на куќите и издавање на забрана за градење на стопански објекти. Еден конкретен доказ за еден ист случај. Значи проблемот на урбанизмот во Кичево е катастрофален, граѓаните се многу незадоволни, па во тој контекст има едно додатно прашање односно слични проблеми.

Прво, на ден 5.09.1995 година под број 11172/2 Министерството за финансии одделение во Кичево по решението под горниот број пишува:"се признава предимството право на користење со право на градба на градежна парцела број 2 на лицето..." итн. се задолжува именуваниот да во предвидениот рок започни со градба на индивидуална станбена зграда, се работи за барањето на граѓаните Фаик и Аќиф Исени.

III/9.-

Второ, дека за истиот случај во Решението од 23.10.1995 година под број 08-1385/2 од Министерството за урбанизам, градежништво и заштита на животната средина се одбива, пишува дословно, значи контрадикција, барањето од ливчето тоа и тоа за да им се издаде решение за локација за изградба на две индивидуални станбени згради во Кичево на горната адреса под број 4.805/2 како барање на Законот неосновано. Зошто и оваа контрадикторност носи неправда, каде се корените. Значи различни органи, различни мислења.

Сличен проблем и со години пролонгиран, еден од најпознатите и најнаградените земјоделски рекордери во Кичево и цела Македонија со околу 200 признанија и пофалби, поднесол барање за изградба на стопански објект, од општ интерес, сточарска фарма. Извршниот одбор на Собранието на општина Кичево по долгогодишното пролонгирање на крајот на 16.12.1993 година под број 08.29418 дава согласност за изградба на сточарска фарма. Собранието на општина Кичево на својата редовна седница на ден 21.12.1994 година донесе одлука за определување на локација за изградба на штала на чување крави , молзници. Министерството за урбанизам, градежништво и заштита на животната средина, Заводот за уредување на просторот и заштитата на животната средина под број тој и тој даде согласност за определување на локација за изградба на сточарска фарма под број тој и тој во Бучало-Кичево.

Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, Републичка управа за водостопанство со решение тоа и тоа од 1994 години издаде водостопанска согласност за изградба на сточарска фарма за одгледување на млечни крави.

IV/1.-РД/МЛ

**САЛИ РАМАДАНИ:** (ПРОДОЛЖЕНИЕ)

Додека такво нешто даваме со решение во 199 5 година од 5 јули 1995 година се поведува постапка за оценување на закони- тоста на член 3 од Одлуката за изградба на сточарската фарма број тој и тој, донесена од Собранието на општина Кичево. Не се уважува барањето за изрекување времена мерка. Уставниот суд на Р. Македонија со решение под исти број и датум донесе Одлука со која се укинува член 3 од овие одлуки, додека Министерството за урбанизам, градежништво, сообраќај и екологија, на подрачна единица Кичево, со решение тоа и тоа, го одбива барањето за изградба на стопански објект, сточарска фарма, не без оправдани законски причини.

Прашање. Сточарската фарма е изградена, но не е ни покрие на, а вредноста и ползата е за општ интерес и е голема. Дали ќе се дозволи конечно да се догради овој објект и до кога ќе се пролонгира и оваа аномалија. Барам усмен одговор од Министерството за урбанизам, градежништво и заштита на човековата околина.

И на крајот, како што има доставено писмени барања месни- те заедници од селата Гарани, Стрелци, Шутово, Црвевци и Бачишта, соодветните министерства да одредат еден заеднички датум за прием на овие претставници заедно со пратеникот, вашиот соговорник.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Само сакам да и укажам на пратениците. Постапката е вака. Пратеникот што сака да постави прашање добива збор и го поставува прашањето. Дава кратко4образложение, прашањето мора да биде јасно формулирано, да биде упатено до Владата, член на Владата или раководител на орган на државна управа. Не може на претседателот на Републиката и на Уставниот суд да му се поставува прашање. Затоа ве молам поставувајте ги прашањата така, да може да се идентификува

прашањето, да се идентификува тој кој треба да даде одговор и да се знае дали на седницата се бара одговор усмен или писмен. Ако во ова излагање на господинот Рамадани сега можете да идентифицира- те прашање од вас членовите на Владата, ве молам кој бара збор?

**ЈОРГО ШУНДОВСКИ:**

Јас нема да бидам толку долг, ќе бидам краток. Поставени се многу прашања овде, а ќе одговорам на оние кои можам во моментот да одговорам.

Во однос на цело Црвевци со депонијата и со водоводот, би го дал следниот одговор. Многу општини во нашата Република многу проблеми околу депониите се отворени и не се разрешени. Во Министерството со циркуларно писмо пред само неколку месеци се запознати сите општини да мораат своите депонии да ги уредат по законските прописи, за да можат да бидат во функција. Исто така, не само за депониите но и за вештачки направените депонии со комунален смет да се отстранат онаму каде што е тоа недозволено, да постојат како такви.

Во однос на второто прашање со водоводот во село Црвевци во текот на 1995 година со дел од службите во локалната самоуправа во општината започната е иницијатива за испитување на крајниот цевовод или вод кој носи вода во"Осломеј" за користење на дел од водите кои се вишок при користењето на термоцентралата за снабдување на вода за село Црвевци со една чешма која ќе се наоѓа на одредено место во селото за користење на водата за сите корисници. Инаку да ве потсетам дека на тој регион се уште важи забраната за приклучување на накнадни корисници на системот "Студенчица", се со цел за да се заштита оние кои сега ја користат таа вода и да има доволно од распределбата на вода за сите сегашни корисници.

IV/3.-

По однос на незадоволството од работата на Министерството во Кичево можам да кажам дека приговорите од група граѓани не се меродавни за тоа како работи Министерството и како работи началникот на Министерството. За работата на началникот одговара министерот а бидејќи засега за нас началникот работи по закони за се она што направила добро, значи одговорот е и понатаму останува на своето работно место, а не како што е приговорот на групата граѓани која тоа го бараше.

По однос на некои решенија за кои вие кажувате дали може или не може да се гради, потребно е да се погледаат од кој аспект е неможноста за градба на тие решенија и најверојатно доколку вие точно ги прецизирате кои се тие локации на одредено место, можеме да ви одговориме точно за кои локации и зошто е можноста за градба.

Што се однесува до сточарската фарма, јас би кажал дека во Република Македонија досега постоеја два можно начини на определување на локација за градба вон урбанизирано подрачје, најверојатно према вашиот исказ, говорам колку што јас сега го разбрав, станува збор за вториот случај каде што општината издава согласност за употреба на член 54 за градба на објекти вон урбанизирано подрачје. Најверојатно во фазата на собирање на согласност не е комплети- рана и не е завршена целокупната постапка и Министерството не може јасно да се произнесе. Доколку сите согласности постојат кои се обврзани со законот, таму обавезно ќе биде издадена урбанистичка согласност, локација и градежна дозвола. Вака дефинирано прашањето не е јасно дали сите согласности се собрани или фали некоја согласност. Доколку инсистирате на одговор, јас во писмена форма можам да се заинтересирам која е таа фарма и да ве известам точно кои се проблемите за таа фарма.

Бидејќи беше подолго излагањето на господин Рамадани, јас ќе го замолам, заедно со надлежните служби од Собранието да помогне прецизно да се формулираат прашањата и органите на кого се упатени и на тој начин ќе ги испратиме до надлежните министерства, до Владата или некој друг републички орган доколку се однесува прашањето.

**ХИСНИ ШАЌИРИ:**

До Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство. Ме интересира дали Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство расправало во врска со поставените барања од страна на водокорисниците на системот за наводнување од акумулацијата"Липково" поставени преку претставници на Независниот синдикат на земјоделците од Куманово.

Второ прашање. Како ресорното министерство или Владата расправа по изнесените барања, ме интересира што заклучила за да се надмине сегашниот спор меѓу Претпријатието за води Куманово и земјоделците како водокорисници.

Трето прашање. Колку беа реални цените за надоместок за водокорисниците на системот за наводнуван>е во општина Куманово за 1995 година и колку е во согласност со антинфлаторната политика на Владата на Република Македонија.

Четврто прашање. До Министерството и министерот за правда. Ме интересира и сигурно министерот не е запознаен со овој проблем од Општинскиот суд во Куманово, зошто во последните 15 години не е вработен ниеден Албанец во Општинскиот суд Куманово. Можеби има и повеќе години, а јас би рекол 15.

IV/5.-

Моментално работат во овој суд само двајца албанци, еден како општински судија и еден како судија за прекршоци. Бидејќи ние имаме такви кадри, има луѓе кои по 10 години чекаат да се вработат како правници, доколку нема такво расположение сигурно министерот овие проблеми треба да ги решава и понатаму да не се случи овој проблем и не би сакал и во другите општини, а поконкретно во општина Куманово кога ние имаме такви потреби да бидат и албаици вклучени во оваа државна институција.

**ИВАН АНГЕЛОВ:**

Прво прашање е што се донесе одлука и каков став се зазема со Самостојниот синдикат што се одржа во Министерството за земјоделие. Прво, ние се договоривме тие да делегираат луѓе и заедно со водостопанската организација и претставници од Министерството, дури јас си земав обврска лично да присуствувам на тој состанок и да ги отвориме проблемите и да видиме заедно да се договориме што можеме да најдеме решение за проблемот кој што повеќе години таму егзистира.

Јас очекувам овие денови тие да ни делегираат претставници и да го закажеме состанокот, веројатно или оваа недела или наредната недела ќе има таков состанок и коа ќе го дознаеме комплетно исходот на решението што ќе биде донесено на тој состанок. Тоа е одговорот на тоа прашање што беше поставено и толку би бил одговорот.

Што се однесува за цените, ние се уште за жал работиме по стариот Закон, цените се договараат на ниво на водостопанската организација, таму каде што е во општината и тука морам да изнесам дека кај голем број на општински организации имаме постигнато таков консензус, значи се договорени водостопанските организации заедно

IV/6.-

со производителите, меѓутоа најголем проблем, излегува дури нерешлив е во Куманово. Тука не може да се постигне договор за да можат да се најдат интереси меѓу; едната и другата организација и затоа тоа е причината што овој состанок ќе се одржи веројатно идната недела и ќе знаеме какво решение ќе донесеме.

**ХИСНИ ШАЌИРИ:**

Во врска со третото прашан>е јас не сум задоволен, би сакал министерот да биде поконкретен. Колку беа реални цените за надоместок за водокорисниците, мислам на системот за наводнување во општина Куманово за 1995 година и колку тие цени се во согласност со антиинфлаторната политика на Владата на Република Македонија, имајќи ја предвид претходната година, 1994 година. Вие сигурно ги знаете тие цени и за 1994 година и за 1995 година. Дали овие цени кореспондираат со антиинфлаторната политика на Владата на Република Македонија.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Значи дополнително, попрецизно прашање.

**ИВАН АНГЕЛОВ:**

Ако не бев конкретен еве конкретно. Јас мислам напомнав дека ние цените не ги одредуваме, значи цените договорно се одредуваат меѓу водостопанствениците и водостопанските организации. Тие се различни, за различни култури, различни цени имаме во различни општини. Значи договарањето е меѓу корисниците на вода и водостопанските организации. Според тоа, мислам дека одговорот би бил тоа. Дали тука инфлацијата е вклучена, тоа е нивно меѓусебно договарање, какви цени тие ќе си договорат, тоа е нивна работа, така и законот впрочем предвидува.

IV/7.-

**СТОЈАН АНДОВ:**

Цените не се под контрола на Владата.

**ИВАН АНГЕЛОВ:**

Цените не се под контрола, тие слободно се формираат по- меѓу корисниците и давателите на услугите.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Во врска со прашањето упатено од господинот пратеник за состојбата структурата на вработените во судот во Куманово, прво треба да констатирам дека таа структура е неповолна. Како е дојдено до таа структура, ќе доставиме писмен одговор, тој ќе се заснова на информацијата колку во досегашните конкурси за судии конкурираше, дали конкурирале и колку конкурирале дипломирани правници со правосуден испит или според условите на конкурсот од средината на албанците од Република Македонија и од општина Куманово.

Се наоѓаме пред нов избор општ на судии во Република Македонија, во тој склоп и на Основниот суд на Куманово. Првата претпоставка е на огласот што ќе биде објавен да конкурираат правниците што ги исполнуваат условите на тој оглас и од редот на албанците во склад со Законот за судовите и членот на тој закон, сигурно е дека ќе се настојува во составот на судот во Куманово, при еднакви стручни услови да бидат соодветно примени и претставници на албанската националност. Значи ќе добиете писмен одговор досега аналитички и препорака околу конкурсот со укажување дека Министерството ќе настојува тој член од Законот за судовите да добие своја конкретизација и во случајот на кумановскиот суд.

IV/8.-

**САНДЕ ДАВЧЕВ:**

Јас имам две прашања, едното се однесува до Министерството за култура, бидејќи не го добив и по трет пат одговорот, повторно ќе поставам прашање, можеби не сум бил јасен, тоа е барам сите манифестации во 1995 година кои ги поддржуваше Министерството за култура да се даде список кои се тие манифестации, со колку средства се поддржувани и кои се критериумите при одредување на висината на средствата. Тоа го барам писмено.

Второто прашање бидејќи Владата на информацијата на Конференцијата за печат портпаролот изјави дека за хидросистемот "Злетовица" Владата обезбеди 60 милиона долара, ме интересира кои се тие средства и од кои извори и бидејќи кажа дека финансиската конструкција е затворена, како е затворена финансиската конструкција, и затоа што кажа дека до 1998 година ќе биде завршен овој систем, ме интересира колку се реални шансите навистина ова да се заврши.

**СТОЈАН АНДОВ:**

На првото прашање ќе се даде писмен одговор. За второто прашаше ќе одговори господинот Жута.

**БЕЌИР ЖУТА:**

Во врска со прашањето за хидросистемот "Злетовица" и претпоставките и дезинформациите дека се обезбедени во овој момент 60 милиона долари се прави дезинформации. Правата информација е дека Владата го утврди на своја седница уште пред ноември 1995 година проектот и тој проект го лансира на сите страни во земјите каде што оценува дека има клима дека може да биде поддржан тој проект, инаку станува составен дел на еден проект што го има за инвестициите во

јавниот сектор Владата утврдено за 1998 година, што треба да се реализира. Станува составен дел. Така да не се работи за обезбедени 60 милиони, туку за напори за да се обезбедат за реализација на тој проект.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Значи нема дополнително прашање. (Нема).

**ИСМЕТ РАМАДАНИ:**

Господине претседателе, почитувани пратеници и министри, имам две прашања.

Прво, војната во Босна и Херцеговина која траеше скоро четири години затече значителен број граѓани од Република Македонија. Еден дел од овие граѓани успеа да се врати, но за жал еден дел односно неколкумина се убиени или исчезнати без никаква трага.

Прашање за Владата: Дали се знае со име и презиме по можност колкав е бројот на граѓани од Република Македонија убедени односно исчезнати додека траеше војната во Босна и Херцеговина.

Барам писмен одговор.

Второто прашаше: Во село Сингелиќ Скопско била изградена училишна зграда во далечната 1937 година и функционирала како основно училиште се до 1967-68 година. Од 1968 година објектот заедно со дворното место во кое навлегува земјиштето што се користи како економија, се отстапува на користење на земјоделска задруга "Моша Пијаде" село Сингелиќ - Скопје. Денес на истата зграда стои натпис т.е. фирма Институт за земјоделство.

Прашање за Владата односно ресорното министерство. Дали овој објект односно некогашното училиште секогаш се води во сопственост на Министерството за образование и физичка култура?

Исто така, барам писмен одговор и на ова прашање.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Значи институциите на кои им се упатени прашањата да подготват писмен одговор на двете прашања.

Има збор господинот Лазаревски.

V/2

**МИРКО ЛАЗАРЕВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници и министри, јас имам две кратки конкретни и едноставни прашања.

Првото е: Веќе две години вработените во Стоковната куќа "Типо" во Гостивар се во постојан штрајк и молам претставникот на Владата ако може усмено на денешната седница да ми одговори кога тој штрајк ќе заврши и што ќе стане со вработените во оваа работна организација.

Второто прашање малку би го елаборирал.

Во тешко време на беспарица, невработеност, регуларни и сомнителни стечаи и штрајкови, како и низа девијации во една нерегуларна трка за опстанок, во една таканаречена транзициона психоза една категорија на граѓани кои цел свој работен век издвојувале за староста, да живеат мирно и сигурно и да ги користат своите посебни задоволства, напротив тие се ставени во незавидна положба со доцнење на пензиите, плаќање на сите давачки со камата, намалена и никаква можност да дојдат до лекарства од позитивната листа бидејќи не доаѓаат на ред, давање по половина пензија за лекување, ненадејно сиромашење и умирање, недоволна грижа и слаба исхрана. Во Гостивар има појава да има голем процент на граѓани и млади луѓе вештачки социјални случаи, кои со 4 до 5 член и семејства земаат редовно социјална помош, која ги надминува просечните пензии и на диво заработуваат бидејќи се здрави и млади уште толку, дневница на одборник на една седница е 4000 денари и низа други девијации уште повеќе ги револтираат оние 6300 пензионери и нивните семејства кои немаат право на социјална помош и додатна работа се разбира. На нивно барање го поставував по не знам кој пат поставеното прашање:

Кога ќе им бидат исплатени заостанатите две пензии.

Одговор барам на денешната седница бидејќи ова прашање е поставувано повеќе пати.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор господинот Сабриу, министер за труд и социјална политика.

**ИЛЈАЗ САБРИУ:**

Во врска со првото прашање кога ќе прекинат со штрајк работниците од Гостиварска трговија (пратеникот Мирко Лазаревски од место го коригира министерот и вели "Стоковната куќа "Типо"), мислам дека ние ниту можеме ниту имаме некои ингеренции да кажеме кога тие ќе прекинат со штрајкот, туку тие треба да кажат кога ќе прекинат и да се обратат со нивните барања до надлежните органи на кои се однесуваат тие нивни барања околу штрајкот во оваа фирма. Законската постапка се знае, доколку фирмата е отидена под стечај, законската регулатива е толку јасна што и по тој закон работниците ги остваруваат нивните права.

Во врска со второто прашаше кога ќе им се исплатат двете заостанати пензии на пензионерите во Гостивар односно во Македонија, мислам дека и самиот пратеник кажа дека тоа е доста сложено прашање. Прво да одговорам дека тоа не се две заостанати пензии туку една заостаната пензија, бидејќи за тоа неколку пати сме расправале и тоа е расчистено. Таа една заостаната пензија Ѕе се исплатува тогаш кога ќе се создадат материјални можности во стопанството на оваа држава да има можности да ја исплати онаа една пензија која е заостаната. Да се надеваме дека тоа ќе биде во наредниот период овозможено на Владата, односно на државата.

А дали пензионерите не користат или користат социјална помош, должам информација дека социјална помош користат сите оние кои ги исполнуваат условите согласно одлуката на Владата за користење на социјална помош, без оглед на статусот дали е вработен, невработен или пензионер, така што и пензионерите доколку ги исполнуваат условите и те како имаат право, и те како голем број од нив користат социјална помош од државата, но ако не ги исполнуваат, ако имаат повисоки пензии сигурно дека не ги остваруваат овие цензуси и не можат да го остварат тоа право.

Инаку, другите проблеми тие се присутни во државата и да се надеваме дека со развојот на државата, прво од стопански аспект ќе се создаваат услови за супер структурата односно и за овие нестопански гранки да се исплатуваат побрзо и поефикасно сите редовни исплати.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор господинот Лазаров.

**ЈОВАН ЛАЗАРОВ:**

Прашањето е упатено до министерот за урбанизам,градежништво и екологија, господинот Јорго Шундовски и молам ако може писмено да ми се одговори, бидејќи сметам дека одговорот ќе биде поцелосен.

Прашањето е од урбанистички карактер, но станува с§ повеќе политичко прашање, кое накратко ќе се потрудам да го елаборирам.

Се работи за населбите Скопје Север, Топаанско Поле и еден дел од општина Центар во кој е улицата "Џон Ќенеди". Од ден на ден од овие населби секојдневно се иселуваат граѓани од македонскиот народ, а се доселуваат граѓани од албанска националност и овие населби стануваат етнички чисти. Бидејќи јас долго време живеам таму и се уште живеам,

сметам дека ова не е појава затоа што едните не сакаат да живеат со другите заедно, туку е од односот на државата и градот спрема оваа населба, која има третман на некоја запуштена населба. Јас само ќе споменам неколку примери. Иако во сите згради кои се изградени таму внатре е инсталирано парно грееше, меѓутоа секогаш во последниве 30 години образложението е дека Топланата Исток нема доволно капацитет, а во меѓувреме се најде капацитет за 70 илјади жители во населбите Јане Сандански и Ново Лисиче, за Порта Влае, за Капиштец итн., а за овие населби се уште и ден денес се уште нема капацитет. Улицата "Вуковарска" една од битните улици во населбата Чаир е пробиена до половина, од половина натаму е затворена и луѓето за да дојдат до автобус поминуваат буквално преку нива. Иста е ситуацијата и во населбата Топаанско поле со улицата "Никола Малешевски", улицата "Лазо Трповски" е изградена така што нема осветление, го нема вториот слој од асфалт, водата не може да истекува во наместената канализација, бидејќи асфалтот е под нивото на истечените решетки, а да не зборувам за улицата "Џон Ќенеди"која е една од најфреквентните улици во тој дел од градот а една од најзапуштените, почна да се проширува, не е допроширена. Одводот на атмосферската вода е нерешен и целата е во кал, ѓубре и

Прашањето е во следното: Што планира Министерството за урбанизам, градежништво и екологија за да овој дел од градот стане населба за пристојно живеење.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Пратеникот бара писмено да му се одговори.

Има збор господинот Трипуновски.

**МИРКО ТРИПУНОВСКИ:**

Почитуван претседателе,господа министри и колеги пратеници, моето прашање е до Владата на Република Македонија во врска со обезбедувањето на финансиски средства за откуп на пченицата од родот во 1995 година. Имено, Владата на Република Македонија донесе одлука за заштитна цена на пченицата од овој род во 1995 година, со која производителите на меки пченици добиваат 10 денари од килограм заштитена цена и 20% повеќе за тврди пченици. За оценетиот пазарен вишок од 200 илјади тони пченица беа потребни средства за откуп од индивидуалниот сектор 350 милиони денари и 1.650.00 0 денари за преостанатите количини. Се предложи динамика за обезбедување средства за плаќање на производите на пченица и тоа:

350 милиони денари за откуп од индивидуалните сектор преку програмата за формирање и засновување на стоковните резерви. За останатите количини од 1.650.000 тони пченица требаше да се обезбедат средства како што следи: 330 милиони денари за премија од предвидените средства од Буџетот за премии за одредени земјоделски производи, 30 0 милиони денари времено да се користат од Буџетот, 180 милиони денари да се обезбедат по пат на компензација преку дирекцијата за стоковни резерви, 175 милиони да се обезбедат по основ на компензација на обврски на земјоделските претпријатија спрема Агенцијата за санација на банките, 609,5 милиони денари учество на мелничко - пекарската индустрија - средствата се обезбедуваат со наменско покачување на цената на брашното и лебот - 155 милиони денари се обезбедуваат по основ од мелничко пекарската индустрија и производителни на пченица и 500 милиони денари како благајнички записи со рок на исплата до крајот на 1995 година и 22% камата.

Прашањето е: колку од предвидените мерки се остварени поединечно и кој од посочените субјекти во колкав обем ги остварил?

И второто прашање: во која мерка и во кој износ и каде се наменети средствата добиени по Одлуката за определување највисока цена на брашното и лебот, "Службен весник на Република Македонија" број 36/95, за издвојување 3 денари од цената на 600 грамскиот леб од сите видови пекарници во Република Македонија.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор господинот Иванов, министер за стопанство.

**РИСТО ИВАНОВ:**

Како што беше нагласено овде, Владата со своја програма од јули месец ја утврди динамиката на откуп на пченицата и учество на одделните субјекти во тој откуп. Притоа, во таа динамика требаше заклучно до 15 декември да се исплати откупената количина на пченицата. Бидејќи периодот на предавањето на пченицата беше многу пролонгиран пресек на оваа програма беше 15 септември 1995 година, се што е пре- дадено до 15 септември 1995 година во износ од 165 илјади тони е исплатено заклучно со 20 декември онака како што беше предвидено и од тие извори што беа дадени во програмата. После 15 декември има поднесено документи за некаде меѓу 10 и 14 илјади тони , за кои исто така Владата после проверка за количините, за квалитетот и тоа кој ги предал исто така ќе биде информирана и за нив доколку навистина се предадени се разбира по истата динамика ќе бидат и исплатени. Средствата ќе бидат обезбедени со ротации, она што минатата година Владата прв пат го направи, средствата што ги даваше за откуп да бидат материјализирани во производи, а понатаму со продажба да можат тие средства да се користат за идни купувања на производи со заштитна цена.

Значи, одговорот на прашањата, она што беше динамика утврдена за 165 илјади тони, заклучно со 20 декември 1995 година кон сите производители е завршена. Проблемот останува за оние што после тој рок, а најголем дел од производителите беа информирани, ако може што побрзо да го предадат откупот, за тие мора по истата постапка на контрола и прифаќање да се изврши. Од овие 165 илјади 76 илјади откупи мелничко-пекарската индустрија, 99 илјади државата преку Дирекцијата за стоковни резерви.

Во однос на второто прашање воопшто не беше утврдена посебна цена од 3 денари, за да се приберат средства за откуп на пченицата, туку напротив, Владата донесе одлука со која цената на лебот ја утврди на висина на комерцијална цена на пченицата односно на висина од 10 денари и со тоа отстапи односно прекина со праксата да се врши компензација на цената на лебот од 8 денари пченица до 10 денари. Цената од 23 денари килограм е цена во која пченицата се пресметува во лебот со 10 денари килограм.

Прашањето на трите денари е поврзано што во 1994 година државата изврши компензација на откупната цена на пченица од 10 денари до ниво на 8 денари килограм. Од таа пченица мелничко-пекарската индустрија во јули месец прикажа залиха од околу 80 илјади тони пченица и околу 7 илјади тони брашно, и бидејќи со зголемувањето на цената се создаваше простор во цената на лебот да биде вградена пченица од 10 денари, Владата во договор со мелничко-пекарските претпријатија направи систем како во рамките на мелничко-пекарската индустрија,тие средства да не бидат користени за други намени, туку да бидат исплатени на производителите и воопшто не се работи за некоја обврска за зафаќање на државата на тие средства, туку јасно утврдување дека врз основа на таа залиха во чија компензација

учествуваше државата во 1994 година, мора да бидат насочени кон производителите, а да не бидат користени за други намени, затоа што во јули месец беше укажувано дека мелничко-пекарската индустрија се наоѓа во многу тешка и неликвидна состојба, па на овој начин со утврдување на вистинската цена на лебот, според цената која важи за пченицата согласно заштитната цена на државата, да може со таа залиха, со рационално работење да обезбедат средства за откуп на пченицата.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Пратеникот е задоволен. Има збор г-динот Даневски.

**СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани дами и господа пратеници, почитувани министри, моето прашање е упатено директно до Владата т.е. Министерството за правосудство.

Случајот "26 јули " кој е кристално јасен случај, а кој сака некој да го направи фамозен, имено, станува збор за деловен простор кој Јавното претпријатие за стопанисување со деловен простор по пат на јавно наддавање го има продадено за повеќе милиони германски марки.

Во што се состои прашањето?

Прашањето е во тоа што случајот останува нерешен во низа месеци, повеќе од 6 месеци, исплатено е на државата повеќе милиони марки и Стопански суд или Скопски суд - II донесува две решенија кои не се реални. Ова кажува дека државата не е сериозна, правосудството е конфузно и носи нелогичности затоа што овој случај е кристално ја- сен, државата си наплатила, просторот е државен и сега се донесуваат две противречни одлуки. Кога овој случај ќе се заврши или треба сопственикот да го бара во Судот на правдата во Хаг.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор, г-динот Владо Поповски, министер за правда.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Случајот е навистина комплициран. Стои процедурата во постапка пред заштита во законита смисла. Дека Врховниот суд досега се произнел немам информација, но сакам да потсетам пред овој Парламент дека според законот за судовите ниту едно тело, вклучително ниту Парламентот не може да коментира и да оспорува судска одлука бидејќи принципот на правна држава го претпоставуваат како првенствено автономија на судството и во таа смисла секој конкретен правен спор добива разрешување и странките своите интереси ги остваруваат во редовниот судски процес користејќи ги редовните правни лекови и вонредните правни лекови. Ниту една од властите во таа смисла дури ниту законодавната, извршната уште помалку може да оценува на пример правосилна и конечна судска одлука дали е во ред или не е во ред.

Конкретниот случај бидејќи се уште во вонредни правни лекови не е завршен се надеваме дека Врховниот суд како врв на судската пирамида, применувајќи ги законите и своето уверување според принципите на Уставот и законот за судовите ќе најде соодветно решение и ќе ја постави мерката таму каде што таа лежи според односните законски прописи и неговото уверување, суверено право како уверување за законитоста на својата одлука. Ние како Министерство можеме само да побараме информација за постапката. Неа ја побаравме, добивме таква информација. Во контактите она што е можно, на пример со претседателот на Врховниот суд можеме евентуално доколку е прашањето значајно во општа смисла да побараме расправа

на општа седница на која би можеле како надворешни претставници да изнесеме мислење што не го обврзува и не може да го обврзува Врховниот суд.

Во случајот, само од овој аспект сакам како министер за правда да се произнесам.

Во случајот има еден елемент врз основа на кој ние ќе замолиме една општа расправа во проширен состав а во однос на самиот Врховен суд во сопствениот состав ќе го донесе своето решение, да се промисли дали е можно да се продискутира и расправи прашањето на користењето во, на пример на деловен или каков и да е друг простор во таканаречена форма на неограничено или трајно користење, а при тоа да не постои утврден титулар - сопственик над сопственоста со оглед на основните уставни принципи дека сопственоста може да биде приватна, државна, евентуално може да биде мешовита, со идеа дека евентуално да се даде исто така еден одговор за роковите на поднесување на вонредниот правен лек дали во случаите кога определена правосилна, но не и конечна одлука задира или проблематизира, доведува под прашање определени основни начела на Уставот, дали тогаш рокот на заштитата на законитоста, бидејќи во овој случај тоа е во прашање, не е две години како што во таквите случаи се предвидува еден таков рок.

Иако беше подолго и сложено, можеби и недоволно јасно да субвинирам. Ние, во овој спор можеме само да го побараме мислењето на Врховниот суд дали има место да се одржи една претходна расправа но никако не можеме ниту да ја коментираме судската пресуда, таа што е досега донесена. Неа може да ја расправа и по неа мериторно да одлучи само повисокиот суд, во случајот Врховниот суд. И тоа што тој ќе одлучи е судбина. После тоа може да има коментари но тие се ирелевантни,

после тоа може само да се спроведе односната одлука на Врховниот суд. Само на тој начин може да се одржува концептот на поделбата на власта со сите позитивни страни на таквата поделба на власта. С€ друго може да биде страшно повеќе штетно отколку на пример дури теоретски поставено, дури и една погрешна одлука на целокупната пирамида на судството.

**СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:**

Пратеникот го користи своето право да го постави прашањето, Пратеникот не инсистираше како ќе се реши спорот. Одлуката нека ја донесе Врховниот суд. Се работи за повеќе милиони германски марки. Марките се легнати на конто на државата. Ќе се бара оштетуваше. Се работи за повеќе милиони марки. Поминат е рок од 6 месеци, се работи за пари. Не влегувам во автономноста, во функционирањето на третата законодавна власт. Тоа е прашање кое не сакам сега да го поставувам.

Да се ажурира работата и да се пресуди.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор г-дин Каров.

**ИЛИЈА КАРОВ:**

Почитуван претседателе, дами и господа пратеници, почитувани министри на Владата. Прашањето го упатувам до Министерството на урбанизам, градежништво и заштита на животната средина.

Во Кочани, град со повеќе од 30 илјади жители, градската канализација се влева во Кочанска река, но веднаш од градот таа се

излива на отворено во реката и минува поЈ5>ај 12 хектари оранжерија, поминува покрај селата Долни Подлог, Горни Подлог, Облешево и село Чифлик. Коритото на Кочанска река е целосно исполнето од талогот на градската канализација, па така често пати доаѓа до излевање на речното корито и по обработливите земјоделски површини.

Прашувам дали споменатото Министерство планира и што може да направи околу регулирањето на коритото на Кочанска река, а со дел да се спречи понатамошното излевање на градската канализација покрај споменатите села и да се овозможи здрава животна средина на повеќе од 3 илјади жители од споменатите села. Воедно и да се спречи евентуално епидемија на заразните болести.

Второто прашање го упатувам по втор пат до Министерството за сообраќа и врски.

Зошто се уште не се пушта во работа новоизградената пошта во с. Обелешево која веќе 4 години е изградена и опремена, а е предвидено оваа пошта да опслужува повеќе села од тој дел на општината Кочани.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор г-дин Шундовски,. министер за урбанизам.

**ЈОРГО ШУНДОВСКИ:**

Како и многу градови во РМ, така и Кочани го немаат решено проблемот околу испуштањето на фекалнтие води од градот во просторот вон градот, вон градскиот простор. Постои голем проблем во многу градови во РМ каде и како ќе се испуштаат овие отпадни води па можам да кажам слободно дека во ниеден град во РМ не е изградена

исправна техничка пречистителна станица после која отпадните води би биле користени за својата намена како води.

Регулирањето на Кочанска река и заштита на селата кои се загадени фактички со однесувањето на отпадните води преку оваа река е проблем кој е присутен повеќе години наназад во Кочани и на некој начин годинава за прв пат со Буџетот кој го донесе ова Собрание во разделот за користење на средства од екологија предвидена е и ставка за регулација на дел од отпадните води. Во текот на февруар месец ќе побараме циркуларно до сите општини да ги пријават своите потреби и се разбира, во рамките на средствата кој се одобрени во Буџетот ќе направиме распределба за отпочнување на реализација на делимична заштита на ваквите отпадни води кои се проблем во нивното течение. Се разбира дека тука ќе најде и простор и место и Кочанска река.

Но, не само тоа во програмите Фаре и во неколку други програми каде што Македонија побарува средства за изградба на еколошки проекти побарани се и десетина пречистителни станици во РМ. Се разбира сите оние кои доставиле проект на документација изработена по нормите и стандардите на Европските институции кои дотираа средства за оваа област и ги повикувам не само Кочани, туку сите останати општини кои имаат потреба да добијат средства за изградба на пречистителни станици да изготват проектна документација, макар и во идејна форма за да можеме да настапиме пред тие институции за побаруваше на вакви средства. Постои големо расположение, определбите, се разбира ги слушнавте и при донесувањето на кредитните линии за Македонија дека голем дел наоѓаат и еколошките проекти. Ова е точно, еден од еколошките проекти и се надевам дека

доколку постапите по упатствата кои се даваат при вакви објекти се разбира дека и Кочани ќе добие во иднина средства за изградба на пречистителна станица.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Второто прашање, бидејќи министерот за сообраќај и врски моментално не е тука писмено ќе биде одговорено.

Дали може ? (може)

Има збор г-дин Чадиковски.

**ЉУБОМИР ЧАДИКОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници, почитувани министри. Имам и две прашање за поставување.

Првото прашање е до Владата а тоа гласи: Дали нешто се презема за децата кои се алергични од блутен. Поточноо децата болни од целиакија се ставени во многу тешка положба заедно со нивните родители кои не можат да набават во нашата држава пченично брашно од кое се сепарира блутенот. Во Македонија постојат 400 фамилии кои имаат по едно дете болно од целиакија. Жално е за овие деца да не можат да живеат нормално и кои се осудени на доживотна диета, а детството го поминуваат изолирани од сите дружења со нивните врсници.

Второто прашање е до Министерството за труд и социјална политика.

Дали нешто се презема со воените пензионери од Бившата ЈНА, кои со преселувањето во РМ и зема&њето на нашето државјанство им престана можноста да ја земаат пензијата од Србија од СРЈ.

Тие луѓе во овој момент преставуваат социјален случај а нивниот број не е мал.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Претставниците на Владата укажуваат дека писмено ќе биде даден одговор.

Молам, дали прифаќа г-динот Чадиковски? (Прифаќа)

Има збор г-динот Костаќев.

**БОРИС КОСТАЌЕВ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, почитувани министри, сакам да поставам неколку прашања, дури 4.

Првото прашање се однесува до министерот за стопанство, а се работи за следното;

Позната е економската состојба на Јавното претпријатие Електростопанство на РМ. Во рамките на тоа и нивните упорни барања за зголемување на цената на ел. енергија со која цена бараат да се реализира програмата за надминување на загубите во тоа Јавно претпријатие.

Од друга страна, пак, познато ни е на сите нас реакцијата на граѓаните за овие нивни барања посебно кај оние кои се со ниски примања. Во исто време познато е и прашувам: дали е така и ако е така, со што тоа ќе се оправда дека од сметките на повеќе електро - дистрибуции ширум државата ненаменски се прелеваат средства за финансирање на локални информативни куќи, како што е и локалното радио во мојата општина. Не знам дали зад сето ова стојат челните луѓе на Министерството за стопанство и ако стојат нека знаат дека имаат голем придонес за ескалирање на спорот меѓу Собранието на општина Гевгелија и Радио Гевгелија.

Одговорот може да биде и писмен и усмен.

Второто прашање произлегува од првото, и се однесува до Министерството за сообраќај и врски и Секретаријатот за информирање и гласи:

Што е преземено за надминување на спорот меѓу Собранието на општина Гевгелија и Радио Гевгелија. Спор кој трае неколку години и се усложнува, според мене, без потреба.

Одговорот исто така во усмена или писмена форма.

Третото прашање е од сосема; друга природа и се однесува до Министерството за труд и социјална политика.

Се работи за една категорија на пензионери кои се осеќаат доста онеправдани, а тоа се земјоделски пензионери учесници во НОВ. Се осеќаат неоправдани затоа што тие примаат пензија во износ од 2.550 денари, а пензионерите земјоделци кои не биле учесници во НОВ примаат 3.850 денари; или 1.300 помалку. Прашањето гласи:

Дали постои можност оваа неправда да се исправи односно оваа категорија на пензионери да се изедначат со обичните земјоделски пензионери. При тоа напоменувам дека во целата Република има околу 2 до 2.500 такви пензионери и од година на година, се разбира нивниот број постојано е намалува.

Четвртото прашање, за кое не знам дали може да се наслови како прашање, или само како констатација, а се однесува до Министерството за стопанство и до Министерството за правда. Одговор во писмена форма барам. Еве за што станува збор.

На последната наша седница минатата година на дневен ред имаше и точка "Предлог закон за измена на законот за преструктуирање на претпријатијата што работат со загуби". На овој закон поднесе е

амандман од Комисијата за стопанство истиот ден кога заседаваше Собранието. Тоа значи дека Владата овој амандман не го разгледувала, но нејзиниот претставник, тогаш беше министерот за стопанство, г-динот Иванов едноставно го прифати амандманот, се разбира без да има расправа по истиот. Многу лесно и многу едноставно е прифатен амандман кој станува составен дел на закон. По се изгледа не е уставен амандман и со кој амандман се нанесува голема неправда на неколку банки под стечај како што е поранешна Југобанка, денеска. Банка за надворешна трговија и две три приватни банки. Нанесена е неправда и амандманот е неуставен затоа што со него државата влегува во приватниот капитал односно ја зема активата на овие банки. И сега спор. Стечајниот совет и одборот на доверителите покренуваат постапка за докажување на уставноста.

**БОРИС КОСТАЌЕВ**: (продолжение)

Прашањето би гласело.

Дали не е крајно време Собранието да донесе заклучок дека амандманите поднесени истиот ден кога се држи седницата не треба да се разгледуваат. Во спротивно ќе носиме се понеквалигетни закони и ќе го потврдиме тоа што во последно време се шпекулира во јавноста дека овој Парламент е неефикасен, а законите што ги носи, не квалитетни.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Молам, на трите прашања да се одговори, а четвртото прашање нема карактер на пратеничко прашање, туку е некое мислење за некои состој би.

Молам, на првото прашање да одговори г-динот Ристо Иванов.

**РИСТО ИВАНОВ:**

Во програмата за преструктуирање на 2 5-те загубари кои во своето работеше остваруваат загуби беше и Јавното претпријатие "Електростопанство". Обврска беше да се донесе програма за организационо и финансиско преструктуирање, како и создавање на можности дел од овие претпријатија кои не се во функција на основната дејност да се приватизираат.

Меѓутоа, бидејќи се работи за доста големо претпријатие, имаше голем број на усогласувања меѓу експертите на Светската банка и Јавното претпријатие, носењето на програмата се одолговлекуваше и претпоследното доставување на Програмата за работа и по втор пат беше вратена назад затоа што во еден добар дел не одговараше на потребата, програмата веднаш да дефинира што ќе биде организационо преструктуирање и врз основа на него какво финансиско преструктуирање би требало да се очекува. Заради тоа во неколку

наврати од страна на Електростопанство имаше барање во Владата на Република Македонија да ја зголеми цената на струјата. Меѓутоа, во отсуство на параметри за правата финансиска состојба и правите правци на финансиско преструктуирање, Владата не прифати да има било какво зголемува&е на цената.

Второ, затоа што во сите преговарања што ги имавме со меѓународните финансиски институции , основен принцип е на расходите секогаш да се обезбедува 10% за акумулација и отплаќање на досегашните долгови. За да може тој принцип да се остварува не треба да се поаѓа само од она што е сега реален трошок, па на него 10%, туку навистина треба преку оваа Програка да се направи анализа на правите финансиски трошоци.

Втората работа, околу финансиското работење и трошењето на финансиски средства постои управен одбор и директор, па затоа би сакал на вториот дел од прашањето сепак да се добие писмен одговор, а за првиот дел, околу цената, до тие принципи што сега ги напомнав Владата ќе се држи за да може во секое време јасно и гласно да каже на што се должат трошоците за струјата и на кој начин сметаме да се отстранат овие дубиози што постојат во делот на преголемите долгови, а истовремено со организационо преструктуирање да се отстранат оние дејности што во овој момент ниту се неопходни, ниту пак претставуваат фактор во обезбедување на целината е електро-енергетскиот систем.

**СТОЈАН АНДОВ:**

На второто прашање, бидејќи не е тука министерот за сообраќај и врски да се одговори писмено.

Има збор г-динот Вељо Тантаров.

VII/3.-

Почитувани пратеници, со оглед на тоа што како пратеници тешко доаѓаме до нашите министри, јас како пратеник од една изборна единица која има околу 60-тина села, ќе поставам повеќе прашања

Најпрвин прашање за министерот за земјоделие.

Во претстојната пролетна сеидба треба да се посеат над 200.000 хектари обработлива површина со разни пролетни култури.

Дали може г-динот Иван Ангелов да им каже на земјоделците со што да ги посеат овие површини, дали ќе има откуп за тој род, и дали ќе има гарантирани цени.

Второ, дали Министерството за земјоделие, шумарство и водостопанство има сознание за штетите што зимава ги причини штетникот црн житарец на посевите со жито и колку ова Министерство и неговите стручни служби се ангажирани во спречува&ето на ширењето на овој опасен штетник.

Имаме сознание дека во битолскиот дел досега и до 30% од посевите со жито се уништени од овој штетник.

Владата на Република Македонија има пропишано заштитни цени за неколку земјоделски производи: за пченица, сончоглед, шеќерна репка, маслодајна репка, тутун, јагниња и телиња. Меѓутоа, постана пракса, никој од купувачите на овие производи да не ги почитува цените што ги пропишува Владата како заштитни цени. На пример цената на пченицата во 1995 година беше утврдено да изнесува 10 денари, а купувачите ја плаќаат по 8 или 9 денари. Некаде се купуваше и испод овие цени. Во Битолско приватната пченица за потребите на стопанските резерви ја купи Колективот на битолските кооперанти по цена од 9 денари.

VII/4.-

Прашувам, кој ќе го надомести денарот до 10 денари, бидејќи овој Колектив тие средства ги има зафатено за покривање на своите откупни транспортни и смештајни трошоци.

- Понатаму, во изминатите неколку години за потребите во нашето здравство се добиени значајни странски средства во лекови и медицинска опрема.

Прашање за г-динот министер за здравство д-р Филипче.

Дали се точни гласовите дека сета медицинска опрема му е подарена на Скопското здравство и што ќе презема ова Министерство за спречување на оваа неправда спрема регионалните центри на нашата медицина. Станува збор за Битола, Штип, Прилеп, Струмица и другите општини.

Дали навистина во редовите на скопското здравство се чува дел од медицинската опрема како златна резерва, случајот со новите скенери, а болесниците од битолско, прилепско и други краишта се принудени да доаѓаат дури во Скопје и да чекаат долго време за тоа.

Дали со тоа не се прави монопол во нашето здравство?

На една од пролетните седници на нашето Собрание што се одржа во 1995 година кога се разговараше за измените и дополнувањата на Законот за пензиското осигурување и проблемите на наплатата на придонесите за пензиско осигурување, г-динот министер Илијаз Сабриу во името на Владата изјави дека приватните земјоделци ќе бидат ослободени од плаќањето на високите камати што им беа засметани зарад; ненавремено наплаќање на обврските за пензиско осигурување за 1994- 1995 година. Меѓутоа, ова , таканаречено, министерско ветуваше не се остварува во пракса. Казнените камати не се избришани од

VII/5.-

тефтерите на државата за долговите на селаните кон неа и на нив во 1995 година и натаму си ѕидаат нови камати.

Што ќе преземе ова министерство за менување на овој проблем.

- Пред 13 години во нашава држава, покрај задолжително пензиско осигуруваше беше воведено и доброволно пензиско осигурување. Меѓу другите граѓани ова осигурување го прифатија и повеќе селани и селански. Тие врз основа на Законот за пензиско осигурување, придонес за доброволно пензиско осигурување плаќаа до 1994 година. Во последните две години овие доброволни плаќања на придонеси за пензиско осигурување се избришани од книгите на ова осигурување. Две години овие осигуреници не добиваат решенија за плаќање на придонесот за ова, таканаречено, доброволно пензиско осигурување.

Повторно прашање за министерот Сабриу.

Зошто е укинато доброволното пензиско осигурување на селаните и кој и кога ќе им ги врати придонесите што овие, сега веќе несудени осигуреници, ги плаќаат скоро 13 години. Дали ова осигурување е укинато со некој закон за кој овој Парламент не знае, или пак тоа е дело на администрацијата што не сака да си ја брка својата работа, а секој ден велиме дека Фондот за пензиско осигурување е празен.

- Близу 1/2 од нашите девизни штедачи чии штедни влогови останаа заробени во нашите банки, се од битолскиот дел на Пелагонија. Во нивно име за Владата имам три прашања.

Прво, кога ќе биде објавен списокот на граѓаните кои во изминатиот период на разни начини и преку разни канали ги ослободија од таканареченото заробеништво своите девизни штедни влогови.

Второ, колку средства што се добиени од нашава приватизација се наменети за овие заробени средства.

Трето, дали можат и штедачите чии пари се заробени, станува збор за девизни средства, да учествуваат во закупот на државната земја што наскоро треба да се отвори во нашава држава.

- За министерот за финансии имам едно прашање, тој не е присутен овде на седница, меѓутоа сигурно ќе му биде пренесено, а прашањето се однесува на следното:

Некои знаат, а некои не знаат дека во нашава држава годинашнава потрошувачка на гумени опинци изнесува околу 200 илјади чифта. Се надевам дека нашиот министер и другите министри знаат што значи зборот опинок. Тоа се чевли што ги користат само селаните како најевтина обувка. Тие знаат што треба да носат, меѓутоа бидејќи нема пари мора да ги носат и опинците.

Во врска со опинците за нашиов министер за финансии ќе го поставам следново прашање.

Зошто за гумените опинци се плаќа данок на промет во износ од 25%, а за тракторските гуми на државниот сектор овој данок изнесува само 5%. Сите овие опинци се увезуваат од Србија.

Дали може овој данок да се скине?

- Едно прашање за министерот за народна одбрана.

Што станува со нашите офицери кои заради низа причини не можеа да ги спазат роковите за напуштање на службата во бившата ЈНА и се вратија подоцна. Дали на овие луѓе ќе им се помогне во решавањето на нивните животни прашања, како што е вработување, пензии и станови?

За министерот за правда го имам лоцирано следното прашање.

Уставниот суд на Македонија пред десетина месеци укина 30-тина члена од Законот за води. Го укина и членот 140 од овој закон, според кој се уредуваа односите за утврдување на висината за надоместокот за одводнување и наводнува&е во текот на една календарска година. Прашањето гласи:

Дали земјоделците имаат законска обврска за плаќање на овие давачки, во услови кога овој член од Законот за води е прогласен за неуставен.

Со оглед на тоа што водостопанското претпријатие "Пелагонија" од Битола најави по судски пат да тужи 6.000 земјоделци за наплата на оваа давачка, сметаме дека ќе бидат направени многу казни на подрачјето. Ние бараме да не се плаќа и сметам дека државата сепак треба да си го каже гласот на тој план.

- Едно прашање во врска со селата што се наоѓаат крај границата со Грција, за која јас и моите бирачи викаме дека е вештачка. Се наоѓаат на тој дел дваесетина битолски села.

Во изминатиов период на овие села, заради границата не им се посветуваше посебно внимание. Тие беа оставени на милост и немилост, без патишта, вода за пиење, телефони, лекар, ветеринар, услови за работа и вработување. Едноставно државата имаше кренато рака од нив. Се ова беше дел од причините што овие села се раселија, останаа села на старци и села со најголема селска сиромаштија во државата. Во последно време Владата на Република Македонија вложува значајни средства за решавање на нивните комунални проблеми. Меѓутоа, тоа не е доволно за опстанокот на овие села и враќање на некогашната состојба од Драгој до Живојно, кога овие 20-тина села во секое време,

околу 10 иљјади селани можеа први да ја бранат оваа таканаречена вештачка граница.

Прашање за Владата.

Дали Владата на Република Македонија планира да подготви посебна развојна програма за пограничните села со која ќе се овозможи одобрување на подобри земјоделски кредити, изградба на мали преработувачки капацитети со кои ќе се реши прашањето за вработување на овие села. Во овие села исто така се чувствува еден живот на безнадежност, посебно во село Кременица кое бившиот систем од село Совиќ го има преселено и лоцирано сега во ова село. Ова село е без педа земја и тие ден денес прашуваат што понатаму.

На крајот, уште едно прашање би поставил.

- Акционерското друштво Современ дом од Прилеп во Битола има своја современа продавница. Пред неколку години 2/3 од оваа продавница им е отстапена на користење на бившиот газда на мешовитата Македонско - австралиска банка "Ситевес банка". Настанаа судски спорови, Битолскиот суд, почнувајќи од Општинскиот до Окружниот му дадоа на Прилеп негативно решение, прилепчани се сомневаа во овие одлуки и побараа правда пред Врховниот суд на Македонија. Меѓутоа, Врховниот суд на Македонија се уште молчи по овој проблем. Продавницата што се наоѓа во центарот на градот со површина од околу 300м$^2$, а беше дадена под кирија за 10 години по некаде 300 марки месечно и понатаму останува затворена. Сметам дека министерот за правда ќе може да одговори во писмена форма.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Пред да ви дадам збор сакам само да напоменам. Ние кога поставуваме прашања и кога се обраќаме во Парламентот, на другите пратеници не смееме својата шеговитост и духовитост да си ја

докажуваме со потсмев на нашите граници. Тие се неприкосновени свети и на никој тоа право не му го признаваме.

**ИВАН АНГЕЛОВ:**

Почитувани пратеници да му одговорам на почитуваниот пратеник кој е очигледно доста загрижен за земјоделието, а сигурно и јас како министер треба да му одговорам на се она што тој го поставува како прашање.

Првото прашање, околу површините што треба да бидат посеани оваа пролет од 200 илјади хектари, прашањето беше поставено дали министерот сега знае да каже на производителите што да посеат и како да посеат?

Мислам дека по првово прашање одговорот би бил јасен. Секој си има свој план и секој одлучува за она што ќе си посее. Впрочем, Владата на РМ веќе има донесено, за ваша информација, ориентационен план уште минатата година, во кој што е дефинирана есенската сеидба, истовремено и пролетната сеидба е таму, точно е дефинирано, чак и по поодделни општини што се се предвидува и со кои култури треба да биде застапено. Тие податоци ги имаат дадено општините од непосредните наши соработници кои ги имаме на теренот. Според тоа, имаме јасно дефиниран план, па ако го интересира почитуваниот пратеник можеме да му го дадеме тој ориентационен план и да види точно во Републикава по поодделни општини што е се предвидено и кои култури треба да бидат застапени, на кои површини итн. Тоа значи е првото прашање.

Надоврзано на тоа, дали понатаму ќе се врши откуп и дали ќе има гарантирани цени. Во Макроекономската политика е јасно дефинирано кои се културите определени што ќе бидат под заштитни цени. Со тоа значи има соодветна цена заштитена од страна на државата и тие култури се дефинирани. Сите други култури се на пазарни услови и тие ќе ја делат судбината на пазарот.

Второто прашав>е,ако така добро го разбрав, што Министерството презема за штетникот што е јавен по житните култури?

Прво, ние таква информација од таков опасен каламитет за ширење на штетник немаме, меѓутоа до колку тоа го има веднаш ќе ангажираме служби тоа да го видат на лице место. Меѓутоа, за Ваша информација треба едно да се знае кои се обврските на Владата во такви случаи:

Точно е дефинирано Владата во кои услови и за кои штетници се преземаат од страна на државата одредени конкретни мерки. Тоа се тие штетници што евентуално со својот каламитет ќе направат штети на широките простори во просторот, односно на широко, ако сакате во државата. Ние, оваа година имавме таква појава во шумарството. Имавме појава на Жолтомешката и на Боровиот четник и ние, како Влада, поделивме доста средства за тоа и презедовме таква активност. Тоа беше на ниво на држава. Се изврши заштита и се реши проблемот.

Ако се работи за пченицата, јас можам слободно да кажам, веројатно се работи за тој штетник претпоставувам, но тоа ќе се види, доколку се работи за тој штетник за кој што јас мислам, мислам дека тој штетник се јавува како резултат на подолг начин на одгледував>е на пченицата на ист простор, на иста површина и после две-три години на истата површина се јавуваат такви штетници. Тоа е веќе стручен дел, тоа е технологија. Секој производител што го организира своето производство треба да го познава технолошкиот процес. Треба да знае дека ако после 4-5 години има иста култура, ќе се јави соодветниот штетник и ќе направи соодветни штети. Тој треба да ги преземе соодветните мерки. Значи, ако тука не се работи за штетник што ќе има таква појава да напаѓа пошироки простори, секој производител или ако се работи за комбинати ќе треба да си ги заштити своите површини, ако

најде свој интерес, да ја најде својата математика колку ќе го чини препаратот, колку ќе чини акцијата и на таков начин тој самиот ќе одлучи дали да преземе соодветна мерка, бидејќи тој штетник нема такви каламитетни опасности да може да направи штети на други простори, независно дали некој тоа го сака. Тој, ако е веќе јавен, се шири точно на оние простори каде има обезбедено услови за тоа претходно.

Третото прашање, се работи за заштитната цена на пченицата што беше определена од 10 денари. Мислам дека треба да се прочита одлуката и таму е јасно дефинирано, таква е одлуката од Владата, таму е кажано 10 денари, меѓутоа понатаму вели франко купувач. Значи, до таму таа пченица да чини 10 денари. Се другото се однесува што ги регулираат помеѓу производителите и откупувачите. Како ќе се договорат тоа е нивна работа. Одлуката на Владата е јасно дефинирана, што претставуваат 10-те денари и што се плаќа. Според тоа, мислам дека и тука одговорот е јасен. Нема тука никакво надоместување на еден или на 5 или на 2 денари, кој како тоа си го остварил. Мислам дека Одлуката треба да се почитува таква, каква што е донесена од страна на Владата.

Инаку, последното прашање, ако треба јас да одговорам, тоа е Програмата за развој на ридско - планинските подрачја, за ваша информација веќе ги следите гласилата, имаме посебна таква Програма за ревитализација на селото. Има одредени наговестувања дека ќе се одобрат такви кредити од страна на ИФАТ- организацијата. Има такви најавувања. Значи, ќе се направи една таква програма према нашето село и ќе имате можност да ја видите. Благодарам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор г-динот Филипче, министер за здравство.

VIII/4.-

**ИЛИЈА ФИЛИПЧЕ:**

Беа поставени неколку прашања од областа на здравството.

Едното прашање е во однос на тоа какви лекови се добиваат од одредени хуманитарни организации? Можам да ви кажам дека повеќе лекови ние не добиваме. Меѓутоа,се добиваат од приватни донации лекови и кои што се наменети за одредени медицински центри. Медицинските центри меѓу себе соработуваат така што тие лекови, доколку ги има вишок во еден центар се носат во друг медицински центар.

Прашањето за донација за опрема и помошен медицински материјал е прашање што, практично, секоја земја, надворешниот донатор го решава според своите критериуми и според она што после посета во медицинските центри во Република Македонија ќе одлучи да го донесе. Точен е фактот дека практично помошта што ќе ја добиеме од Јапонската влада, а ќе изнесува околу 5 милиони долари, ќе биде софтвертицирана техника и технологија што ќе биде лоцирана во Клиничкиот центар, бидејќи тој ќе треба да претставува софтверот на медицинските организации во Македонија. Критериумите спрема Јапонците се дека ние од- редени апарати не можеме да имаме. Ќе ви кажам пример зошто? Затоа што, велат, вие имате проблем со електричната струја, немате добар напон, немате добра јачина и таквите апарати често ви се расипуваат.

Меѓутоа, нашата желба е и во внатрешноста, во другите медицински центри да се дефинира каква опрема ќе биде потребна. За тоа јас неодамна имав состанок со директорите на медицинските центри така што во соработка со нив и со она што може ние да го добиеме како помош од надвор и со она што можеме сами да го купиме, а пред се со брзото формирање на Клиничкиот центар да дефинираме во кој медицински центар ќе може да набавиме која и каква опрема за да се избегне досегашната стихијна набавка на опрема и пред се набавка на

опрема која е технолошки заостаната, доста скапо купувана, меѓутоа за која веќе немаме резервни делови. Она што е уште поважно, максимално да може да ги искористиме апаратите, а не да се користат со 10-20% искористеност.

Благодарам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор г-динот Сабриу, министер за труд и социјална политика.

**ИЛЈАЗ САБРИУ:**

Г-динот пратеник постави две прашања во врска со надлежноста на ова Министерство, односно на Фондот за ПИО.

Првото е за каматата, што сум изјавил во Парламентот дека таа нема да се плати, дека ќе бидат ослободувани. Тоа е така како што е изјавено. Не е изјавено од некоја желба или од некое расположение туку е тоа одлука на Влада и така е постапено. Веројатно пратеникот, може да провери, во текот на ноември веќе така се работи во цела Македонија а за ваша информација сега ми беше потврдено и по телефон повторно дека е така тоа. Донесена е Одлука од Управниот одбор и не се пресметува ниту затезна ниту никаква камата, туку се плаќа само основицата за придонесот за ПИО.

Второто прашање е за доброволното осигурување. Тоа е законска обврска, законот го донесе овој Парламент и тука нема отстапки. Вистина е тоа дека малку се доцни со донесувањето на Правилникот, бидејќи треба да се донесе подзаконски акт, правилник за уредување на оваа проблематика и тоа не само за земјоделците, туку за сите заинтересирани граѓани на државата Македонија кои сакаат да уплатуваа? повеќе односно доброволно да се осигуруваат во Фондот за

ПИО. Таа процедура е во тек и нема никакви проблеми, никакви сомневања дека тоа нема да се реализира. Така што не доаѓа предвид ниту враќање туку веројатно во текот на овој и наредниот месец ќе почне да тече склучување на договори, според законот за доброволното осигурување на ПИО. Ова може да го потврдам ако треба и во писмена форма за да имате алиби и пред вашите избирачи дека е така постапено.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор г-дин Ханџиски, министер за одбрана.

**БЛАГОЈ ХАНЏИСКИ:**

Проблемот што г-динот Тантаров го отвори во своето прашање е присутен подолго време во РМ. Ние ги следиме состојбите и во периодот пред јас да дојдам на оваа функција, а и во периодот од кога дојдов. Проблемот е присутен, прашањето е актуелно.

Направивме еден преглед на сите старешини од РМ кои се вратени од поранешните југословенски простори, но само на старешини кои се обратиле до Министерството за одбрана за повторно вработување. Се покажува дека тој предмет е некомплетен, заради тоа што имаме постојано враќање на старешини, државјани на РМ кои не се вратиле во РМ во рокот определен за враќање, уште 1992 година и кои уште повеќе се вратени во РМ но не се обратиле до Министерството за одбрана. За нив немаме таква евиденција.

Сакав само да кажам дека имаме разработено постапка, подготвуваме Информација за Владата за да донесеме конечна одлука. За тоа, најверојатно, во многу скоро време ќе излеземе со јавен повик за сите такви случаи да се пријават до Министерството за одбрана за да може, сите случаи кои се специфични на свој начин да ги разгледаме и излеземе со конечен предлог за разрешување на овој проблем.

Ова, заради тоа што е факт дека сите такви лица икаат егзистенциоиалии проблеми, имаат проблеми со вработувањето затоа што се остручнети само да можат да работат во Министерството за одбрана, односно во армијата на РМ. Меѓутоа, сакам да кажам дека воглавно до сега идентификувавме две категории, една категорија на старешини кои работеле во РМ, кои се во поголем дел припадници на националностите, но има и Македонци кои заминале со ЈНА во 1992 година, а втората категорија на старешини се старешини кои останале заробени на боиштата на поранешните југословенски простори. Тие, како се затворани боиштата, како се прекинуваа конфликтите во поодделни подрачја, така постепено со своите фамилии се враќале во РМ.

Ова го кажувам заради тоа што во нашиот предлог до Владата, каде што ќе падне одлуката за евентуалното повторно ангажирање на овие лица во армијата на РМ пресудна функција ќе има нивното однесување, зборувам за првата категорија која што ја напушти РМ за време на повлекувањето на ЈНА. А, исто така пресудна улога ќе имаат безбедносните аспекти, затоа што генерално во Армијата,во Министерството за одбрана, сите кои се вработуваат мора да поминат низ оваква процедура, а посебно овие случаи кои не го исполниле законскиот рок за враќање во РМ и кои престојувале на поранешните простори југословенски, најмалку по овие два основи што ги спомнав.

Ова го кажувам и заради тоа што може да се случи прашањето да се разреши пред да стигнеме да го подготвиме одговорот. Затоа би го замолил пратеникот Тантаров ако навистина се разреши, тоа ќе биде објавено, да нема потреба од давање писмен одговор. А, ако во едно догледно време Владата не излезе со еден таков предлог или, дури и во таков случај за кој што нема да им биде решено прашањето по пат на

вработување во Министерството, сепак можеме да доставиме писмена информација за тоа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Збор бара г-дин Тантаров.

**ВЕЉО ТАНТАРОВ:**

Не сум задоволен од одговорот на министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, г-динот Иван Ангелов на трите прашања.

Најпрво, сметам дека не е во ред еден ценет министер да одговори на прашањето што треба да сеат годинава нашите земјоделци, да каже дека тие знаат што да сеат.

Г-дине министре, точно е дека земјоделците знаат што да сеат и тешко ќе биде ако некој друг од страна му каже што треба да сее. Меѓутоа, требаше да кажете за кои стратешки култури годинава нашата држава е заинтересирана за производство. Ќе се случи ли и во 1996 година случката од 1995 година, нашата пченица да стои неоткупена и денес неисплатена, ќе се случи ли тутунот, за кој е пропишана гарантирана цена во 1995 година, родот од 1994 година се уште да не е платен а веќе се откупува родот, ќе се случи ли вашите заштитни цени на шеќерната репа да стојат само на хартија и денес репата се уште да не е платена, ќе се случи ли нашето јагне да стои непродадено без пласман а велиме има гарантирана цена. Можете да кажете на кој земјоделец му е платена разлика од откупната до гарантираната цена од страна на Владата?

(Дофрлања од место)

Г-дине, вас не ве прашувам денеска. Му се обраќам на министерот Ангелов.

VIII/9.-

**СТОЈАН АНДОВ:**

Продолжете вие само.

**ВЕЉО ТАНТАРОВ:**

Сметам дека нашето Министерство за земјоделство, заедно со ресторното министерство за стопанство, а сигурно и Владата, треба јавно да кажат што с§ треба на оваа држава за да се прехрани во текот на една година. Ако тоа што и треба на државата и треба, треба да го гарантира и треба да го откупи и исплати. Не да си играме со земјоделците како што си игравме во 1995 година.

Мене ме чуди како нашето ресорно министерство за земјоделие не знае дека низ нашите житни полиња е појавен опасен штетник, така-наречен црн житарец или стручно забрз. Ова Министерство по теренот има служби стручни и досега требаше да има сигнали какви се штетите од овој штетник.

Што се однесува до одговорот како се почитува цената на пченицата,исто така не сум задоволен. Земјоделците знаат дека нашата Влада во 1995 година имаше утврдено заштитна цена од 10 денари. Велам, дека таа цена е заштитна. Ако некој пченицата ја купи по пониска цена од оваа цена, тогаш државата е должна да ја надомести цената од 8 или 9 денари до 10 денари. Јас реков дека на нашето подрачје пченицата е купена по 9 денари. Кој на земјоделецот ќе го надомести оној 1 денар? Дали ќе не терате сега да одиме оваа правда да ја бараме преку суд? Да ја тужиме онаа организација што ја купила пченицата, да ја тужиме Дирекцијата за стокови резерви и Владата? Сметам дека на ова прашање требаше сепак да има еден одговор.

Битолските земјоделци одговорот на ова прашање ќе го дознаат, наскоро, сигурно, пред судот, ќе има околу 10 илјади тужби за да се добие таа гарантирана цена односно цената што државата ја гарантираше до 10 денари.

Одговорот на прашањето од министерот Ханџиски е добар ■ ■ барам писмен одговор. Сметам дека добро кажа како и на кој начин ќе се решаваат овие проблеми.

Исто така не барам писмен одговор од министерот Сабриу за оној дел за доброволното осигуруваше, меѓутоа тврдам дека и понатаму каматите за 1994 година на земјоделците не се отпишани. Тврдам дека не се отпишани и во Управата за приходи бараат овие камати за 1994 година да се платат. А,знаете дека за 1994 година ако некој земјоделец беше обврзен да плати пензиско осигурување и придонес во износ од 40 илјади денари, само камата му се бара 130 илјади односно некаде близу 4-5 крави.

Што се однесува до одговорот на министерот за здравство, г-динот Филипче, тој донекаде е добар меѓутоа сепак сметам дека за регионите што се надвор од Скопје мора да се води малку поголема грижа. Господинот министер во една прилика кажа низ нашава држава, надвор од Скопје имаме добри медицински стручњаци и ако навистина ги имаме, а ги имаме сигурно, тоа е човекот кој треба да каже за тоа, треба и опремата што се добива од странство побрзо и полесно да доаѓа до овие центри.

Благодарам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор г-динот Ангелов, па министерот Сабриу.

IX/1.- CJ/OM

**ИВАН АНГЕЛОВ:**

Сепак, не треба да се злоупотребува оваа говорница во врска со прашањето за откупот беше даден и комплетен одговор од страна на министерот за стопанство и тука прашањето беше елаборирано и сега не би требало околу тоа ние сега да полимизираме. Одлуката на Владата постои , таа ќе се почитува така како што е донесена, едноставно точно е дефинирано, што значи десет те денари, до каде тој трошок се покрива и т.н. Според тоа, таа одлука стои на снага и не може поинаку, секој може понатаму да си ги бара своите права.

Што се однесува до забрузот, ако е тоа забруз јас морам да кажам дека тоа е бубачка, не сакам околу тоа да полимизирам бидејќи тоа не е апсолутна специјалност, ако сакате да знаете јас животот го посветив и на забрузот и не би сакал да коментирам и лекции да добивам за забрузот и колку е тој јавен и каде е јавен и т.н., тоа се одредени места, ако има, јас реков тој е штетник кој што се јавува таму каде што не е запазена основната технологија на производниот процес, според тоа ќе се преземат сите мерки што треба да се преземат. Тоа би бил и одговорот на прашањето.

Инаку, и самиот пратеник одговори дека секој земјоделски производител знае што ќе сее и ќе сее тоа што тој знае и никој не треба од страна да му каже, а понатаму какво ќе биде производството ние имаме јасно дефинирана макро – економска политика и секој треба своите обврски да си ги почитува да се однесува така како што се однесува секој на своето место и она обврска што ја има да си ја исполнува. Точно е дефинирано кој се тие култури, тоа е впрочем и самиот ги спомна кои се културите дефинирани под заштитни цени и за тие државата ќе води сметка, ако што води и покрај сите тешкотии што

може да се сретнат, но се наоѓаат одредени решенија, а сите други култури се на пазарни услови и тие така ќе ги диктираат.

**ИЈБЈАС САБРИУ:**

Јас се извинувам, излегов само заради интерес на објективноста да кажам дека каматите затезни за 1994 и 1995 година не се пресметани и не се исплатуваат. Тоа е одлука на Влада и секој е должен тоа да го почитува. Таа одлука е доставена до сите подрачни единици на ПИО и на Управата за јавни приходи и мислам дека тука не може никој да дава толкување дали тоа ќе го реализира или не. Но, не ја исклучувам можноста да има поединечни случаи. Јас Ве молам, доколку има таков случај да ни јавите конкретно да интервенираме за тој човек и т.н.

**САМИ ИБРАИМИ:**

Јас имам само едно прашање, а моето прашање се однесува до следните министри, г-динот Шундовски и г-дин Бузлевски. Некни бев во дирекцијата за развој и видов дека во неговите карти што ги има во Скопје комплет селото Малино не е никаде внесено во картите на скопското подрачје, а селото е големи и има осумгодишно училиште, погранично е и нормално бидејќи во картите не е ни во списокот за неразвиени ридско планински села.

Често пати сум рекол тука како општина Чаир се смета за развиена општина кога се знае дека Чаир нема скоро никаква индустрија и би Ве замолил ресорните министри и другите стручњаци да оформат една комисија, нека излезат да видат, дали Чаир исполнува услови за развиена општина, па да се преиначи во делумно развиена или во недоволно развиена општина. Водоводната, патната и електричната мрежа се катастрофални од Радишани па нагоре сите села и албански и

македонски и и српските села мака мачат со водоводната мрежа, со здравството. Сите погранични села Малино, Брест и Танушевцш моментално се веќе пресечени од градот, умираат луѓе, се раѓаат новороденчиња без никаква помош,еднаш сум истакнал тука дека има случаи кога мајката со се новороденчето умреле можеби за една инекција или за една најнеопходна помош. УНПРД нешто помага, но УНПРД, утре нема да биде, затоа тие подрачја да бидат под надлежност и помош да добијат од дирекцијата за развој на недоволно развиените подрачја.

Село Љуботен, бев некни, трипати државната комисија или инспекција строго им забраниле да. не пијат вода од водоводот, а луѓето продолжуваат само заради некоја машина или некој филтер да се стави над селото, тие немаат пари. Изградиле пат од Радишани до Љуботен, тие самите и сега бараат тој пат да биде во надлежност на Министерството за сообраќај. Се жалат дека немаат автобус, автобусот оди до Љубанци, а кога е невреме од Љубанци не оди до Љуботен. Инаку ова не е прашање, соработка, би ги замолил ресорните министри со дел од општината Чаир да се помогне колку што може оти патиштата се катастрофални. Вие знаете дека само улицата "Цветан Димов" е таа да се поврзува една општина, така да да се направи нешто и за патната мрежа. Мислам дека не е праш ње, но заеднички нешто да направиме овие неразвиени подрачја некако да се помогнат.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам, сите пратеници, прво да ги формулирате прашања, а не на крајот, од нешто што може да биде образложение да видиме оти прашања нема. Прво се поставува прашање и тоа се кажува на кого е упатено и пота се дава образложение. Инаку вака многу време губиме и нема ефект, не е тоа добро. Еве не знам ни кого да прашам зашто е прашањето.

IX/3.-

**СТОЈЧЕ КОВАЧЕВСКИ:**

Три кратки прашања: Првото, какви активности има владината институција координационо тело за враќање на реката Сатеска во старото приватно корито како најголем загадувач на Охридското езеро. Ова координационо тело треба да работи и работи најверојатно на чело со министерот за земјоделие, шумарство и водостопанство.

Второто прашање е, со Законот за рибарство рибните стопанства што стопанисуваат на Охридското езеро имаат обврска по член 20 10% од вредноста на уловената риба да уплаќаат во Републичкиот буџет за унапредување на рибарството. Прашањето е: Дали редовно се уплатува овој допринос и дали од тие уплати се издвојува, како порано што се издвојуваше пред овој закон 2,5% во полза на Јавното претпријатие Охридско езеро како институција која најдиректно го штити езерото од отпадни води и најдиректно придонесува за заштита на рибниот фонд.

Третото прашање, поради бројни проблеми од примената на Законот за рибарство во РМ дали ресорното министерство разгледува можност до Собранието да предложи измени.

**ИВАН АНГЕЛОВ:**

Првото прашање е дали работи тоа координационо тело, тоа ќе му биде одговорено писмено, пратеникот се сложи затоа што има таму одредени измени, подолго време тоа координационо тело не функционира и мислам дека ќе одговориме писмено и на ова.

Второто прашање беше дали она обврска што е законска од 10% од страна на оние организации што се занимаваат со риболов бидејќи сега тие се концесионери ги користат нашите води, дали се уплаќа. Според евиденцијата што ние ја имаме сега тоа редовно се уплаќа онака како што е по Законот средствата се преведуваат во Буџетот, а понатаму

посоодветна програма таквите средства повторно се враќаат и по соодветни програми и барања се даваат на корисниците точно на тие стопанства кои што ги користат тие средства за развој и понатаму. Значи апсолут но околу тоа прашањето е чисто и можеме ако пратеникот не е задоволен со тоа писмено да одговориме, но сознанието е тоа и јас го кажувам дека е тоа така.

Третото прашање јас не го разбрав пратеникот добро на што тој мислеше , дали ние ќе предложиме измена на Законот за рибарството, тоа е нов закон сега, ако ние чувствуваме потреба ќе видиме ако одредени проблеми се јават ќе предложиме. Засега таква идеја немаме бидејќи немаме сознание дека нешто треба да се менува.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани министри, почитувани колеги.

Прашање до министерот за култура, кој не е тука. Прашањата ќе бидат кратки можеше усмено да се одговори, но што е тоа е. Зошто и после 4-5 години не се именува директор на Градската библиотека во Тетово.

Второ прашање зошто на Фестивалот Тетовски филиграми не се одобрени средства, а за еден друг фестивал исто така кој што се одржа во Тетово се доделени средства. Прашањето е, не зошто се доделени средства на другиот фестивал, туку зошто не се доделени средства на фестивалот Тетовски фолк филиграми.

До компетентните министри, поточно до Владата. Не е ли краен момент да врз изготвена кратка информација тука во Парламентот отвориме расправа со проблемите на стечајните работници особено низ

аспектот за последниот штрајк во Куманово и секојдневните сцени во повеќе градови кога се изразува револт на стечајните работници.

До Министерството за финансии, усмен одговор, ако е можно, зошто со наредба на Царинската управа забрането е комби возилата да бидат царинети на пограничните терминали со што се прават две неправди. Едната е кон царинските терминали во внатрешноста и на другите локации, а втората неправда уште позначајна што овие субјекти се изложени на големи материјални трошоци, малтретирања и практично времето на царинење на овие стоки ни приближно не се вклопува во онаа основна одредба од законот дека во рок од 6 саати треба да се изврши царинењето на стоките. Дали на овој начин сакаме да ги збогатиме сообраќаните гужви и метежот кој не сме го заборавиле тука кога сите одеа да царинат стоки на терминалот на Фершпед во Скопје. Овој одговор би можел да биде даден усно затоа што е краток.

До Министерството за финансии или Министерството за здравство предлогот на Комисијата за стопанство на денешната седница да се внесе дополнителна точка на дневниот ред не беше доволно појаснета и разбрана. Оваа Комисија не бара анализа на ефектите измените и дополнувањата на новиот закон за здравство туку едноставно бараше и јас барам сега усмен одговор зошто во овој момент буџетските корисници се изземени и придонесот го исплаќаат по стариот закон. Една нерамноправност, а за мене уште понавредливо преземени ингеренциите на овој парламент и на нас како пратеници за обиколен е дотолку повеќе што ние сме тука, можеше и да имаме разбирање и респект за една одлука таква, ако беше тука презентирана и ако ни беше укажано. Значи барам за тоа усмен одговор, за писмените понатаму и ние преземаме некои активности така да тие ќе следат.

IX/7.-

До Министерството за здравство. Сега скоро министерот за здравство во медиумите јавно изјави дека само врз база на домаќинско работење и заштеда на лекови ќе се оствари со централно снабдување лицитации, аукции и слично дека ќе бидат заштитени два до три милиони долари. Ако е тоа така верувам во ангажирањата на министерот дека ќе изнајде и други заштеди и други позиции и сметам дека ќе биде многу користен потег ако во висина на овие заштедени средства се намалат придонесите за здравство од стопанските субјекти.

До Министерството за образование, прашање беше заметнато, но сметам дека е актуелно, како се нострифицираат дипломите од странски земји особено од оние училишта или факултети во категоријата диви и во сето тоа едно потпрашање дали при тоа постои разлика од она дали имаме ние спогодба со конкретната земја за соработка на тој план, образовен, научен или не.

До министерот за правда, исто така усмено да одговори бидејќи е тука. Дали положената кауција од страна на Фадил Сулејмани осуден на две ипол години затвор , до правосилноста на пресудата значи алиби и стимули за уште поактивна и поинтензивна работа и дали правосилноста е бесконечна и ќе нема одговор.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:** (Продолжение)

На 20.12.1995 година, барам две информации во писмена форма. Едната беше дали Владата го има променето ставот во однос на парауниверзитетот во Тетово и во тој смисол ќе треба да се произнесе поинаку, значи ретерирала, или ако треба да преземе соодветни мерки. И втората информација беше ја барав да бидеме информирани од Министерството за надворешни работи и Владата за активностите кои што ги имаме на меѓународен план во смисла на континуитетот, самостојноста, сукцесијата и наследството од аспект на сегашната и идна позиција на РМ. Одговорот тука беше даден дека Владата не разгледувала вакви барања. Точно еден месец помина, ги актуализирам и двете информации.

И, уште едно прашање до Министерството за развој, или до Владата зошто барам да биде во писмена форма. Со оглед на последните статистички податоци, наталитетот на одредени етникуми и демографската структура во РМ, дали Владата превзема мерки за национална стратегија на тој план и дали во скоро време ќе ни поднесе своја анализа каква ќе биде националноста структура на населението во РМ по 10, 20, 30 и 50 години.

**ИЛЈАЗ САБРИУ:**

Во редицата на овие прашања имаше едно прашање за стечајните работници кога ќе се расправа, како ќе се расправа итн. Јас морам да го информирам собранието дека Владата една таква информација за состојбите со стечајните работници во РМ има доставено во првото полугодие на 1995 година, поточно во април месец 1995 година доколку цени Собранието дека има потреба за расправа повторно за една таква тема може да побара информација од Владата ние сме спремни бидејќи и најновите состојби кои ги следиме посебно во Чик Куманово за кои

владата на две седници расправаше, таа информација може да се подготви и да се достави на Парламентот за расправа за една од наредните седници кога ќе оцени Парламентот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали членовите на Владата уште нешто ќе одговорат.

Има збор г-динот Јане Миљовски - министер за финансии.

**ЈАНЕ МИЉОВСКИ:**

Едното прашање беше околу царинењето на терминалите. Видете, во техниката како си-^организира работата Царината ние како Министерство досега не сме се мешале. Меѓутоа јас ќе побарам соодветна информација да добијам што се случува на тој план, па штом ја добијам таа информација ќе ви ја презентирам тука. А што се однесува до наплатата за придонесот тоа беше второ барање, бидејќи е тоа заедничко упатено и до мене и до министерот Филипче, а мислам дека е коректно дека министерот заедно да седнат и тогаш ќе ви дадеме писмена информација.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој од членовите на Владата ќе одговори на поставените прашања од г-динот Стојановски, или ќе ги идентифицираме прашањата, ќе ги адресираме на надлежните министри и ќе се дадат писмени одговори.

Бидејќи има уште 18 пратеници кои што намеруваат да постават прашања, сега ќе прекинеме со работа. Во 16 часот ќе продолжиме со работа.

(Пауза до 16,25 часот).

X/3.-

(по паузата)

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор г-динот Пецо Стојановски.

**ПЕЦО СТОЈАНОВСКИ:**

Сакам да поставам прашање за изградбата на патниот правец Титов Велес - Прилеп. Колку е проектиран патот, односно дали точно се знае каде ќе се движи трасата и до каде е стасано со експропријацијата на земјиштето долж трасата. Прашањето го поставувам до министерот за сообраќај, бидејќи министерот не е тука, барам писмен одговор.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ќе добиете писмен одговор.

**РУФИ ОСМАНИ:**

Почитувани колеги, и министри,јас малку ќе бидам подолг, но имам кратки прашања, затоа одговорите ќе ги барам на писмено.

Прво, на база кои критериуми се здобиваат граѓаните со право за носење на огнено оружје односно кои се критериумите според кои се одбиваат барањата за стекнување на ова право без притоа да се наведат причините односно со наведување на некои несериозни аргументи. Второ, колкав е бројот на граѓаните кои поседуваат дозволи за носење огнено оружје во општина Гостивар и која е нивната национална структура.

Трето прашање, на база кои правни акти пограничните органи се овластени да вршат конфискација на литературата која се купува особено во Република Албанија на граѓаните на Република Македонија и на албанските државјани при влез во Република Македонија. Јас сум бил очевидец на случаи на границата каде што на пример ќе ви спомнам само еден илустративен пример. Човек кој со себе носеше преведен

куран и библија на албнаски јазик. Куранот му е дозволено да го донесе во Македонија, додека библијата и сите други публикации на албански јазик му беа конфискувани на лице место. И други разни случаи во оваа смисла.

Друго прашање, колкави се личните примања вклучувајќи го и варијабилниот дел и другите надоместоци на раководителите, односно на директорите на следните установи: ЖТП - Македонија, Јавно претпријатие за стопанисување со станбени деловен простор, Електромакедонија, Републички СИЗ за патишта, Аеродром Скопје, Агенција за развој, Агенција за трансформација на општествен капитал, Агенција за преструктуирање на банките. Ова прашање го поставувам заради објективно информирање на јавноста дека пратениците не се највисоко платени функционери во оваа држава заедно со министрите, туку има други функционери кои примаат многу поголеми плати, бидејќи во јавноста честопати сум имал барем јас прилика да слушам коментари од страна на одредени новинари по оваа тема. Заради тоа да се доаѓа до вистината кои се тие функционери што најповеќе се платени во Македонија го поставувам ова прашање.

Понатаму, кои се наодите на Министерството за внатрешни работи и на Министерството за финансии, Управа за јавни приходи од извршената контрола и ревизија на работењето на Јавното претпритие Гостивар - Гостивар извршено по барање на Винарството за урбанизам. градежништво и заштита на човекова средина со писмо број 03/1839/1 од 15.8.1995 година и писмо 03/1826 од 14.08.1995 година. Ова прашање го поставувам од причини што во град Гостивар постои големо интересирање за евентуалните, сега зборувам "злоупотреби" кои се извршени од страна на дотичниот раководител кој при правење на делбениот биланс не ги има покажано средствата кои ги имаше на располагање СИЗ-от за становање, односно извршил одредени дејствија

па верувам дека преку оваа контрола ќе исплива на површина реалната состојба по основ на ова прашање.

Понатаму, кој е соодносот помеѓу Тарифа број 1,25% и Тарифа број 2,5% од вкупниот приход инкасиран од данокот на промет на производи и услуги во Буџетот на Република Македонија за 1994, и 1995 година. Ова прашање го поставувам бидејќи ми требаат податоци за да поткрепам предлог на измена и дополна на закон за данок на промет кој веќе ни е готов. Но, бидејќи во една комисиска расправа одредени пратеници бараа податоци од оваа сфера, а јас бидејќи ги немам, па барам од дотичното Министерство да ми ги достави за да мојот предлог биде образложен вака и со релевантни податоци.

Последното прашање кој е имотно правниот статус на објектот во кој е одржан конгресот на албанската азбука во Битола. Што има преземено Министерството за култура во насока на зачувување и заштита на овој објект од големо значење за културата на Албанците во Македонија и воопшто за целиот албански народ.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој ќе одговори на прашањата? (Не)

Ќе добиете писмен одговор.

**РИСТО ТРАЈКОВ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, почитувани министри прашањето не е од локален карактер, имено се однесува до Фондот за пензиско и инвалидско осигурување. Со Одлука на Владата во текот на 1995 година на стопанските организации должници кон истиот фонд им беше дозволено пролонгирање на долгот кон истиот. Прашањето ми е дали не може да се направи истото и за земјоделците, индивидуалните земјоделци корисници на Фондот за пензиско и

инвалидско осигурување во делот 1994 година да биде пренесена во наредните 1996, или во 1997 година зависно од процентот. Ова го зборувам затоа што не можат да остварат права сега во Управата за јавни приходи при заверка на договори и сите други работи што следуваат во Управата за јавни приходи 1994 година им се јавува како проблем, а таа беше навистина проблем зошто процентот беше доста голем 60% од просечниот личен доход на ниво на Република. Прашањето е во таа смисла дали може 1994 година да ја пренесеме исто како за стопанските организации како што се направи така да се направи и за индивидуалните земјоделци.

Второ прашање до Сизот за патишта. Имено по програмата на истиот од 1992 година магистралниот патен правец Штип, Радовиш, Струмица беше предвидено реконструкција на истиот и истата програма се пренесува се до 1995 година. Меѓутоа имајќи го предвид што значат сообраќајниците, односно патната мрежа и дека значат живот за општините и Републиката, прашувам дали за општините Штип, Радовиш и Струмица градбата на тие 15 километри за време на 3 години значи исто така живот.

Прашувам зошто со ребаланс на буџетот за 1995 година баш патниот правец Штип, Струмица се исфрли од понатамошна работа.

И уште едно прашање веднаш произлегува од тоа, зошто луѓето од Сиз-от кога доаѓаат во Струмица доаѓаат преку Валандово, а не доаѓаат по патниот правец Штип, Радовиш, Струмица. Веројатно не им се бендиса патот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Претставниците на Владата писмено ќе одговорат.

**ВЛАДИМИР СОКОЛОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани претставници на Владата, почитувани колеги. Имам намера да поставам две прашања до

Министерството за урбанизам, градежништво и заштита на човековата околина, меѓутоа бидејќи министерот не е тука се надевам дека Владата, или претставниците на Владата ќе одговорат усмено, или во краен случај писмено да се одговори.

Првото прашање гласи, кој е сопственик на објектот Спорт- ски центар во населба Ново Лисиче - Аеродром и кога тој објект ќе се доизгради и пушти во употреба?

Образложение, овој објект е започнат пред десет години, имено при изградба на населбата Ново Лисиче и до ден денеска не е доизграден, тој пропаѓа и практично не е во никаква употреба моментално, ниту пак има некои интенции дека тој ќе се пушти во употреба.

Второто прашање гласи: до кога Комунална хигиена - Скопје ќе ја користи депонијата Вардариште, а не депонијата Дризла.

Образложение ова прашање за депонијата Дризла е многу пати елабурирано од оваа говорница. Јас само едно потсетување пак на овој проблем со ова прашање сакам да се навратам. Имено депонијата Дризла технички е оспособена за прием на ѓубришта од градот Скопје, меѓутоа Комунална хигиена- Скопје и понатаму ја користи депонијата Вардариште која директно загадува некаде околу 80 илјади жители од населба Аеродром и Ново Лисиче.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Писмено ќе се одговори.

**ВЛАДИМИР СТАНКОВСКИ:**

Почитувани министри и господине Ханџиски, Ангелов и г-дин Сабриу, имав намера да поставам прашање. Меѓутоа, уште еднаш констатира»

дека се минимизира улогата на пратенички прашање и дека нередовноста и отсутноста на министрите не може да го оправда нивното отсуство. Сакам да кажам дека деловнички и барам до претседателот да на некој начин на оваа седница пратеничките прашања да бидат прекинати, а да продолжиме со редовна седница, а прашањата кои навистина имаат некоја своја друга намена да ги поставуваме кога господата министри ќе имаат време и заеднички да седнеме и интер активно за нив да разговараме. Со тоа моето барање е, не поставувам прашање, туку барање е да продолжиме со редовна седница, а прашањата да бидат дополнително поставувани.

XI/1.-ЛП/МЛ

**СТОЈАН АНДОВ:**

Предлогот го ставам на изјаснување. Молам, кој е за,да крене рака?

48 пратеници гласа за.

Дали има некој против?

7 пратеници се против.

Дали некој се воздржува од гласање?

7 пратеници се воздржуваат од гласање.

Предлогот е усвоен.

Процедурално бара збор пратеникот Драган Георгиев.

**ДРАГАН ГЕОРГИЕВ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници и министри, се извинувам што сега се јавувам на говорница и мислам дека ќе го почитувам гласањето и договорот што е постигнат, меѓутоа, имам една забелешка.

Имено, веќе по втор пат ни се случува вака да ги прекинуваме пратеничките прашања, а да речеме сите оние кои на некој начин први ќе бидат забележани или запишани во списокот на претседателот имаат можност да ги изнесат своите прашања, додека сите останати јас мислам дека го губиме тоа право. Веќе кога е постигнат овој договор, предлагам наредниот пат кога пратеничките прашања ќе отпочнат да имаат приоритет, односно да се отпочне со оние кои веќе се запиша- ни во списокот на претседателот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

37 пратеници вкупно се јавиле да постават пратеничко прашање, од кои досега зборувале само 19. Ние не ја завршуваме седницата, туку заради тоа што немаме министри, сега минуваме на другите точки. Инаку, пратеничките прашања, кога ќе дојдат министрите, ќе ги

продолжиме сигурно утре, а сега донесовме одлука.

Преминуваме на **<u>првата точка</u>** - <u>Предлог за донесување на закон за ратификација на Црноморската конвенција за соработка на полето на културата, образованието, науката, информирањето, со Предлог на закон.</u>

Предлогот за донесување на закон, со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени, од- носно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на закон.

Молам, кој бара збор?

Има збор господинот Кадриу.

**ЗЕКИР КАДРИУ:**

Дами и господа пратеници, господине претседателе, бидејќи ете преминуваме на дискусија за една тема, што мислам дека е уредно малку поопширно да биде разгледана, јас би додал само нешто во врска со Конвенцијата за црноморската соработка во областа на културата, образованието и информирањето.

Тргнувајќи од тоа дека Република Македонија е прифатена како членка на Црноморската конвенција за соработка на полето на културата, образованието, науката и информирањето, имајќи исто така предвид дека оваа конвенција треба да биде ратификувана од страна на Собранието на Република Македонија, со што ќе влезе во правниот систем на нашата земја, мошне е потребно како еден чин и чекор за исполнување на една форма на соработка на земјите на црноморскиот регион. Како што се наведува и во самиот Предлог на закон кој треба да се претресе, а истовремено мислам дека треба и да се донесе, уредно би било да се дискутира и да се посвети повеќе внимание, со оглед дека Република Македонија има интерес за пристапување кон оваа

конвенција, каде се отвораат можности, нормално и права за воспоставување директни контакти и поголема соработка со земјите од црноморскиот регион и нормално на гореспоменатите области кои се многу важни.

Пристапувањето кон оваа конвенција е значајно и од аспект на можностите за вклучување на Република Македонија во сите останати иницијативи на земјите од црноморскиот регион кои би произлегле во иднина.

Во интерес и на Република Македонија и на сите други земји во црноморскиот регион е да се развиваат што повеќе културните наследства и плодните контакти на различните народи кои живеат во овој регион. Затоа, сметам дека ќе биде корисно и дека ќе се почитуваат и заштитуваат интересите на областа, културата која нормално би требало да се прошири и да дојде до израз една потесна соработка меѓу идните генерации кои треба да ги почитуваат меѓународните правни норми што се однесуваат на културата и научната соработка, кои ќе ги земат предвид и ќе ги применуваат принципите на финалниот документ на Хелсинки, како и на другите слични инструменти на Конференцијата за безбедност и соработка во Европа. Тука сакам да ги истакнам и другите организации со меѓународен карактер, како што е на пример УНЕСКО и други.

Од голем интерес е и натамошната соработка на овие земји по пат на договори, со размена на експерти, предавачи, наставници, професори, студенти каде ќе се запознаваат со искуствата, идеите, обуката, специјализациите, предавањата, подучувањата и научната работа. Веројатно ќе се прошират и курсевите за научно - истражувачката работа, научните и образовните институции, размената на информации и стручни кадри меѓу различни културни институции, развитокот на програми за младинска култура, размена, зачувување на

историските вредности и заштита на културите, имајќи ја предвид и нивната традиција и културата на тие народи. Исто така треба да се има предвид и почитувањето на јазиците и нивното изучување, воспоставување контакти на полето на образованието, културата, информирањето, нормално меѓу градовите и регионите, зголемување на соработката врз основа на реципрочноста во сферата на уметноста, истражувањата и соработката на заеднички проекти, развојот на научни дела и други. Големо значење ќе има оваа конвенција ако ја спроведе и соработката меѓу националните информативни агенции и здруженија на новинарите, списанијата, мрежи на радио и телевизија, вклучувајќи и размена на публикации и заеднички програми.

Ја користам можноста да кажам и тоа дека Република Македонија има потреба да направи чекори и во поглед на внатрешниот план, почитувајќи ја културата, јазикот, науката, информирањето, образованието и на внатрешен план конкретно на албанците кои нормално претставуваат интерес за поголема можност. Сето ова ќе придонесе за една голема стандардизација и воспоставување на согласноста на тие меѓународни норми и стандарди.

На крајот сакам да кажам дека јас сум на мислење оваа конвенција да се прифати од страна на овој Парламент и да се отвори еден нов пат кон една подобра иднина за нашата земја.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор господинот Сејфедин Харуни.

**СЕЈФЕДИН ХАРУНИ:**

Почитуван претседателе, почитувани колеги и министри, донесувањето на законот за ратификација на Црноморската конвенција за соработка на полето на културата, образованието, науката и информирањето сметам дека треба да се поддржи. Тоа е пожелно и

потребно од  повеќе причини. Република Македонија е прифатена како членка на Црноморската конвенција за соработка на полето на културата, образованието, науката, афирмирањето, усвоена во Истанбул на 6 март 1993 година и станува единаесетта членка по Албанија, Ерменија, Азербејџан, Белорусија, Грузија, Молдавија, Романија, Русија, Турција и Украина.

Од содржината на предложената Конвенција се гледа дека владите на државите пристапнички на оваа конвенција ќе ги поттикнуваат и унапредуваат соработката и размената меѓу научните и истражувачките организации, меѓу образовните институции, како и разни видови соработка од сферата на образованието, науката и информирањето меѓу договорените страни.

Исто така, ќе се промовира и поттикнува популаризацијата на литературата од земјите пристапнички на Конвенцијата со поширок опсег на изучувањето на јазиците на договорените страни, зголемувањето на бројот на реципрочните преводи и ширењето на литературни дела од договорените страни.

Сметам дека овие видови на соработка ќе значат уште една можност за натамошна афирмација на македонскиот јазик и на други јазици кои се употребуваат во Република Македонија, а преку соработката во сферата на културата, уметноста, натамошна афирмација на македонското национално битие и битието на граѓаните кои живеат во Република Македонија. Тоа исто така ќе биде овозможено и преку соработката на националните информативни агенции и здруженија на новинари, мрежи на телевизија и радија, преку размената на публикации, ТВ и радио програми, преку соработката во областа на книгоиздателството и дистрибуцијата, организација на изложби на книги и учество на меѓународни саеми на книги и друго. Освен искажаното

во сите комуникации и посебна соработка, а особено од аспект на ставот на некои соседни земји, Бугарија, особено Грција, ќе се афимира уставното име на Република Македонија, заради што сметам дека овој акт треба целосно да се поддржи и да се прифати.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор?

Има збор госпоѓа Митрева.

**ИЛИНКА МИТРЕВА:**

Господине претседателе, почитувани колеги, прашањето е од процедурална природа. Имено, би сакала да се информирам дали се остварени деловнички услови за оваа точка од дневниот ред, со оглед дека не гледам присутен претставник на ресорното министерство, па во таа смисла дали некој од министрите е овластен да го затапува законот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам, господинот Благој Ханџиски е овластен.

**ИЛИНКА МИТРЕВА:**

Добро, бидејќи не сме информирани, во тој случај добро.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот Заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за ратификација на Црноморската конвенција за соработка на полето на културата, образованието, науката и информирањето.

Кој е за, молам да крене рака?

65 пратеници гласаа "за".

Дали има некој против? (нема).

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој).

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон?

Кој е за, молам да крене рака.

66 пратеници гласаа "за".

Дали има некој против? (Нема).

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој).

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Отворам општ претрес по Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Пратеникот Сали Рамадани поднесе амандмани на член 1, член 2 и член 3 по кои Владата не се произнела.

Пратениците Абдулади Вејсели и Мерсел Билали, поднесоа амандман на називот на законот на член 1 по кој Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот на називот на законот и на член 1, поднесен од пратениците Абдулади Вејсели и Мерсел Билали.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господинот Ханџиски.

XI/8.-

**БЛАГОЈ ХАНЏИСКИ:**

Почитувани пратеници вие знаете дека законот за ратификација на Конвенцијата се состои од два члена, од членот 1 кој ако го усвоиме се ратификува самата Конвенција и од членот 2 што ја претставува содржината на самата Конвенција. Ако се прифати амандманот на тој член со кој треба Парламентот да ја ратификува оваа конвенција, би гласел не се ратификува оваа конвенција.

Владата не го прифаќа амандманот заради тоа што има изградено мислење дека Конвенцијата треба да се ратификува.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Значи не се прифаќа амандманот.

Дали некој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (Никој).

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на називот на законот на член 1, поднесен од пратениците Абдулади Веј- сели и Мерсел Билали.

Отворам претрес по амандманот на член 1, поднесен од пратеникот Сали Рамадани.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе, можеби одговорот е ист, но сепак.

**БЛАГОЈ ХАНЏИСКИ:**

Владата не го прифаќа амандманот заради тоа што е противуставен.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласаше.

Кој е за, молам да крене рака?

Еден пратеник гласаше "за".

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 1, поднесен од пратеникот Сали Рамадани.

Отворам претрес по амандманот на член 2, поднесен од пратеникот Сали Рамадани.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господинот Ханџиски, министер за одбрана.

**БЛАГОЈ ХАНЏИСКИ:**

Владата не го прифаќа амандманот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака. Двајца пратеници гласаа "за".

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 2, поднесен од пратеникот Сали Рамадани.

Отворам претрес по амандманот на член 3, поднесен од пратеникот Сали Рамадани.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**БЛАГОЈ ХАНЏИСКИ:**

Владата не го прифаќа амандманот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Сите што го знаат амандманот природно е што не го прифаќа.

Дали некој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (Никој).

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 3, поднесен од пратеникот Сали Рамадани.

Господинот Сали Рамадани со овој амандман можеби малку са- ка да се пошегува со Собранието, меѓутоа, треба да седи овде и да си ги брани амандманите.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на законот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака.

66 пратеници гласаа "за".

Дали има некој против? (Нема).

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој).

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за ратификација на Црноморската конвенција за соработка на полето на културата образованието, науката и информирањето.

XI/11.-

Преминуваме на <u>**втората точка** - Предлог за донесување на закон за изменување на Законот за данокот од добивка, со Предлог на закон.</u>

Предлогот за донесување на законот со Предлогот на закон, извештаите на работните тела на Собранието, како и Мислењето на Владата на Република Македонија ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на закон.

Комисијата за финансирање и буџет предлага Собранието да не го усвои Предлогот за донесување на овој закон од причините на- ведени во Извештајот.

Молам, кој бара збор?

Има збор господинот Руфи Османи.

**РУФИ ОСМАНИ:**

Почитувани колеги, почитувани министри, јас ќе бидам сосема краток. Само ќе дадам еден осврт не на она што го имам кажано во моето образложение, туку ќе се осврнам малку на аргументите што Владата ги има изнесено во своето мислење по однос на овој мој предлог.

Прво, како што го дефинира поимот добивка законот за данок од добивка, тој е во спротивност и со економските и со сметководствените начела.

Понатаму, најбитна измена која се предлага се состои во следното. Значи да не се зголемува даночната основица на име неисплатени бруто плати од едноставна причина што бруто платите односно цената на работната сила е трошок и само трошок и во никој случај, било тоа да е калкулирана или исплатена категорија, таа не може да ја зголемува основицата- за пресметување на данок од добивка, како што сегашните решенија на законот за данок од добивка го регулираат тоа прашање.

XI/12.-

Понатаму, со ваквото решение, кое го предлагам во членот 1 на Предлогот на овој закон, се врши двојно оданочување на платите. Прво преку пресметка на персонален данок од 23%, 27% и 33% и втор пат преку зголемување на даночната основица на име на неисплатени плати. Во оваа прилика ќе изнесам само еден факт, кој е изнесен во извештаите на Владата или Министерството за развој, каде таксативно е кажано дека во 1994 и 1995 година правните лица кои исплатуваат плати со задоцнуваше од 1,2,3 или повеќе месеци изнесуваат од 2 5 до 30%, па ве молам, врз основа на овој податок ние можеме да заклучиме дека скоро 25 до 30% од приходите кои се остваруваат во Буџетот на Република Македонија по основ на данок од добивка дефакто се приходи не од данок од добивка, туку од данок од трошок или данок од загуба и ништо друго.

Понатаму, битно е да се каже во оваа прилика зошто актуелната Влада размислува како што размислува. Јас ова размислување на постојната Влада во однос на ваквото решение го имам окарактеризирано како што следи:

Владата размислува дека ова решение, т.е. основицата за пресметување на данок од добивка треба да се зголеми за износот на неисплатените бруто плати од едноставна причина што правните лица не сакаат да исплатуваат редовно плати, со тој чин тие не уплатуваат даноци и придонеси од платите во корист на Буџетот на Република Македонија и така привремено доведуваат до беспарица во Буџетот на Македонија. Ваквата теза која од прилика се бранеше од одредени претставници на Владата во комисиските расправи не стои во никој случај поради следното.

1. Во услови кога ние имаме казнена политика за нередовно плаќање на придонесите и на даноците, која изнесува 0,5% на ден,

односно на годишно ниво од 135%, наспроти 8% годишна инфлација, таквата постапка или таквата политика на правните лица економски е неисплатлива и неиздржлива.

2. Казнените одредби кои се предвидени во казнената поли- тика од стопански аспект се толку големи и стигнуваат до 150 плати за нередовно исплатување на тие придонеси и даноци, што исто така економски е неиздржано.

3. Актуелно просечната плата во Македонија изнесува скоро 300 марки и тоа во никој случај не ги задоволува потребите на едно семејство, па и тука социјалниот елемент не може да го дозволи таквиот луксуз. Накратко, што се однесува до ова решение, правните лица имаат задоцнување по исплата на бруто плати единствено како резултат на големата неликвидност во која тие се, а за која неликвидност јас сум длабоко убеден голема заслуга има и економската полити- ка на оваа Влада, па во таа смисла аргументите да постои и понатаму ова решение, значи да се зголеми основицата за данок од добивка на име неисплатени бруто плати, во никој случај не стои и јас верувам, ако не овој пат, но сигурно и самата Влада ќе мора да размисли во оваа насока и да го преиначи, бидејќи нема логика да се плаќа данок не од добивка, туку данок од трошок и данок од загуба, како што јас го имав аргументирано во моето образложение. Имено, крајните аргументи што ги изнесуваат претставниците на Владата, а што е кажано во Мислењето на Владата, се состои во следното. Ако се прифати овој мој предлог, тоа значи дека Буџетот на Република Македонија за 1996 година ќе ни биде помал од прилика за 25 до 30% на име данок од добивка. Да, господа, тоа е точно но треба да се сфати уште една вистина дека со ваквите решенија ние само фиктивно вршиме прелевање на дефицитот што реално го имаме во Буџет, го прелеваме во Буџет на стопанството. Добивка е само новосоздадена вредност и не може да биде ниту трошок ниту нешто

друго. Тоа е што се однесува до измената што јас ја предлагам во однос на неисплатените бруто плати.

**РУФИ ОСМАНИ: (**Продолжение)

Понатаму, исто така јас предлагам ограничувањето односно оданочувањето на трошоците за реклама, пропаганда, репрезентација се зголеми од 3 на 6%. Имено секому му е јасно дека рекламата и пропагандата во суштина значи инвестиција. Инвестиција за развој на секое правно лице. Во таа смисла особено за малите и средните правни лица ваквото ограничување односно оданочување на тие трошоци во секоја смисла нема ништо заедничко со пазарниот систем на економија што ние го градиме.

Што се однесува крајно до третото решение кое јас го спорам, а јас мислам дека би требало и овој Парламент и сите луѓе што се тука внатре, бидејќи се грото школувани да се сфати дека нема никаква логика да се оданочуваат трошоците за стипендирање на кадрите во стопанството. не господа, 30% данок од добивка на знаење од едноставна причина бидејќи самата Владата установи дека во оваа држава постои голем недостаток од знаење особено од аспект на менаџмент,; управување со правните лица, факт кој најилустративно и самата го констатира со своите повереници одредени во 25-те загубари. Согласно тоа, преку државни фондови можат да се стипендираат кадри кои сигурно ќе и служат на државата. Дајте стопанството и економијата да ги ослободиме од овој баласт бидејќи злоупотребите кои претставниците на Владата ги спомнуваат во секоја прилика за мене се во крајна смисла несериозни од едноставна причина што Владата т.е. државата има доволна инфраструктура за почитување на законитоста т.е. за почитување на правната држава. Па, повелете тие механизми ставете ги во функција и така штитејќи ја правната држава ќе ги симнете

до дневен ред и овие решенија кои според мене и според многу стопанствениците се спорни.

Верувајќи во вас дека ова што јас го предлагам е навистина во добробит на стопанството апелирам да го гласате овој предлог на закон.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Молам дали уште некој бара збор?

Има збор г-дин Ване Наумовски.

**ВАНЕ НАУМОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани колеги, почитувани министри, со ваков предлог на закон ние на повеќе наврати се сретнавме во овој Парламент, имавме предлог во доменот на културата, што беше нешто слично на спортот, еве сега колегата Руфи Османи предлага исто така некои измени. Овие факти не наведуваат дека неоспорно е да треба Владата да изготви нов законски проект, барем во областа на данокот од добивка. Тоа е едната работа.

Втора работа, беа изнесени аргументи дека стопанството ќе има позитивни ефекти,но резултатите од овој закон, кој се предлага сега, гледајќи го членот 4 со важност со 1.01.1996 година јасно е дека тоа ќе даде ефекти само после пресметката од јуни месец 1996 година. Со оглед на сознанијата што ги имаме дека во месец април односно до април оваа година ќе има нов закон фактички овие членови односно овие измени нема ретроактивно да се одразат на пресметките односно завршните сметки кои сега ќе ги поднесеме ние како субјекти пред Заводот за платен промет. Тоа е едната причина.

XII/3

Второ, во членот 2 каде што се предлага промена на ограничувањето за репрезентацијата, грото на тој трошок и не би требало да биде ограничен, но со оглед дека како земја се наоѓаме во фаза на транзиција и развој и стопанството и субјектите, спремноста на субјектите ваквите одредби да ги злоупотребат во одредени моменти, Владата е принудена да бара по мое сознание тој трошок да го ограничи.

За стипендиите мислам дека аргументот држи, но се надевам дека во наредниот закон кој го очекуваме Владата да го подготви ваквите промени ќе бидат внесени.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Молам, дали уште некој бара збор?

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок.

Собранието го усвојува предлогот за донесување на закон за изменување на Законот за данокот од добивка.

Пред да преминеме непосредно на гласаше, дозволете ми од овде да објаснам како ќе гласам и зошто.

Јас ќе гласам против усвојувањето на овој закон, од причина што мислам дека со него се покренуваат прашања кој мора да предизвикаат померување кај другиот дел од даночниот систем и билансни прашања. Инаку, мислам дека во основата на овој закон лежи здрава пазарна економска логика и треба да биде најсериозно приодот зе мене во предвид при првото однесување за измени на даночниот систем кај нас.

Кој е за, молам да крене рака. (9)

Според тоа констатирам дека заклучокот со тоа не е донесен.

Со тоа само порасна обврската на Владата при првите свои подготовки да подготви на^рт на закон.

Минуваме на **<u>точката 3</u>** - <u>Предлог за донесување на закон за изменување на Законот за водите со предлог на закон.</u>

Предлогот за донесување на закон со предлогот на законот извештаите на работните тела на Собранието, како и мислењето на Владата на РМ ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по предлогот за донесување на закон.

ЗПК оцени дека нема потреба од донесување на овој закон, а Комисијата за земјоделство, шумарство и водостопанство предлага Собранието да не го усвои предлогот за донесување на овој закон од причините содржани во извештаите.

Молам, кој бара збор?

Има збор г-дин Руфи Османи.

**РУФИ ОСМАНИ:**

Јас ќе бидам сосема краток и дозволете една мала шала во однос на Законот кој е, па нека биде ова еден неоданочен маркетинг од моја страна, бидејќи во првиот не се прифати на маркетинг да не се плаќа данок.

Јас бев поттикнат бидејќи во мојот лекторат постои голем број на земјоделци кои со години на ред се спорат со водостопанските организации во однос на плаќање на таканаречениот константен дел од надоместок за вода за наводнување. Имајќи ги предвид сите тие револти, имајќи предвид дека од други пратеници се кажува дека во Македонија скоро како да е направена една голема судница меѓу земјоделците и овие организации бев на мислење дека навистина нема потреба и понатаму да се плаќа овој надомест.

Јас и во моето образложение, но и овде накратко ќе изместам дека во праксата што се однесува до плаќање на овој надомест не се почитува законската одредба која овој надомест го има дефинирано како обезбедено доведување на вода за наводнување. Значи, овој услов не се почитува и се наплатува овој надомест мимо фактот што за големи површини не е обезбедена хидромелиоративна инфраструктура.

Второ, ако постои таквата инфраструктура таа редовно ен се одржува и не е функционална.

Три, мимо фактот што има случаи поради тоа што не се обезбедува таа вода, и земјоделците културите во одредени временски периоди не им даваат никакви приноси.

Четири, мимо фактот што одредени месни заедници само иницијативно финансираат и градат такви системи и истите ги одржуваат факт им се наплатува тој надомест.

Пет, мимо фактот што дефакто овој придонес се наплатува за култури кој воопшто не се наводнуваат.

Имајќи респект за вашето трпение и знаејќи како ќе гласате јас го повлекувам овој закон.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Одиме понатаму.

Минуваме на **<u>точката 4</u>** - <u>Предлог за донесување на закон за енергетика.</u>

Предлогот за донесување на законот и извештаите на работите тела на Собранието ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок.

Собранието на РМ го усвојува предлогот за донесување на закон за енергетика.

Второ, Владата на РМ изготви и на Собранието ќе му достави нацрт на закон при што ќе ги има предвид мислењата и укажувањата содржани во извештаите на работните тела и стенографските белешки од расправата на седницата на Собранието.

Трето, овој заклучок заедно со извештаите на работните тела и стенографските белешки од расправата на седницата на Собранието да се достават до Владата на РМ и Министерството за стопанство.

Кој е за предложениот заклучок молам да крене рака.

62 пратеника гласаа "за".

Дали има некој против? (не)

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој)

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Минуваме на **<u>точката 5</u>** - <u>Предлог на одлука за определување бројот на судиите во основните судови.</u>

Предлогот на одлуката и извештаите на работните тела на Собранието, како и мислењето на Владата на РМ ви се доставени односно поделени.

Отворам општ претрес.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам општиот претрес и отворам претрес по текстот на предлогот на одлуката.

Комисијата за внатрешна политика и одбрана поднесе амандман на дел I точка 10 со кој се согласил предлагачот на одлуката и тој е составен дел на текстот на предлогот на одлуката.

XII/7

Пратениците Насер Зибери и Газменд Ајдарага поднесоа амандман на дел I точка 6 и точка 25 по кои предлагачот на одлуката не се произнел.

Отворам претрес по амандманот на дел I точка 6 и точка 25, поднесен од пратениците Насер Зибери и Газменд Ајдарага.

Го молам предлагачот на одлуката да се произнесе.

Има збор претседателот на Врховниот суд, г-динот Демишковски

**ДЕМИШКОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, изразувајќи почит кон напорите кон предлагачите на амандманот за одобрување на бројот на судиите во основните судови во нашата држава морам да кажам дека овој амандман не го прифаќаме.

Имено, причините кои се наведени како основ за зголемување за бројот на судовите во Основниот суд во Дебар и Тетово се ценети во процедурата за подготвувањето на овој предлог и тие елементи што се тука наведени се сублимирани во критериумот просечен прилив на предмети во еден подолгогодишен период следен од страна на Министерството за правда и од Врховниот суд.

Другиот критериум е можното бројно оптоварување на судиите со одредена структура на предмети.

Врз основа на овие критериуми е утврден бројот на судиите предложен е бројот на судиите во сите основни судови со одредени корективи и мислам дека нема основа да се прифати овој амандман од овие причини.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Молам, дали некој бара збор? (не)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака?

6 пратеници гласаа "за".

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на делот I точка б и точка 25 поднесен од пратениците Насер Зибери, Газменд Ајдарага.

Продолжуваме со претрес по текстот на предлогот на одлуката.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака.

65 пратеника гласаа "за".

Дали е некој против? (не)

Дали некој се воздржува од гласање? (не)

Констатирам дека Собранието ја донесе одлуката за определување бројот на судиите во основните судови.

Имаме сега пак овде 4 министри.

Дали сега да продолжиме или утре. (да оставиме)

Да видиме уште кои министри се тука во зградата, нека дојдат.

Да се повика г-динот Шундовски и министерот за образование, како и овие што беа тука.

Пауза од 5 минути.

(пауза од 17-20,00 часот)

Г-динот Сабриу беше тука.

(да оставиме за идна седница)

Нема идна седница, да ја завршиме седницата сега.

Повикајте ги, само ве молам не ја напуштајте салата.

(По паузата)

Ве молам, предлагам на 31 да почнеме со пратеничките прашања и после да минеме на наредната седница.

Дали се согласувате? (Се согласуваат)

Седницата заврши со 17,30 часот.